# Извештај за транспарентност за 2021 година

**КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО**

Скопје

март 2022

kpmg.com/mk

# Содржина


1 **Порака од нашиот Управител** 3

2 **Ја живееме нашата култура и вредности** 4

3 **Примена на експертиза и знаење** 11

4 **Вклучување на дигиталната технологија** 13

5 **Развивање на тимови со разновидни вештини** 15

6 **Асоцирање со вистинските клиенти и ангажмани** 20

7 **Запазување на независност и етика** 22

8 **Извршување на квалитетни ангажмани** 28

9 **Проценка на ризиците за квалитет** 31

10 **Ефективна комуникација** 32

11 **Мониторинг и активности за корекција** 33

12 **Финансиска информација** 37

13 **Надоместок на Партнерите** 38

14 **Организација на мрежата** 39

15 **Изјава на Раководството** 41

16 **Прилози** 42


©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Порака од нашиот Управител

Со задоволство ви го презентираме Извештајот за транспарентност на КПМГ во Северна Македонија за 2021 година, кој ја претставува структурата и управувањето на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, како и процедурите за контрола на квалитет и стандардите за интегритет што ги применуваме при извршувањето на нашите услуги.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО има значајна улога во македонската економија и како одговорен бизнис ние се стремиме да бидеме транспарентни и отворени за тоа како работиме и како одговараме на динамичното деловно опкружување и зголемените очекувања на јавноста.

Посветеноста на квалитет и интегритет е во основата на нашата глобална стратегија и визија. Оваа посветеност е клучна за исполнување на нашите одговорности и градење на длабоко чувство на доверба со нашите клиенти, нашите вработени и пошироката јавност.

Ние ќе продолжиме со иновирање во ревизорската практика преку употреба на технологија и примена на нови процеси и алатки кои ни овозможуваат да останеме релевантни и да обезбедуваме квалитетни ревизорски услуги.

Ние веруваме дека овој извештај ќе ви биде корисен за разбирање на тоа како работиме и ве охрабруваме да стапите во контакт со нас ако сакате да разговарате за било какви прашања наведени во овој извештај.



**Срѓан Ранѓеловиќ**

Управител

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје








©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ја живееме нашата култура и вредности

Не е важно само она што го правиме во КПМГ: ние исто така обрнуваме внимание како го правиме тоа. Нашите вредности се нашите основни убедувања, кои ги водат и обединуваат нашите постапки и однесувања. Споделени на секое ниво и во секоја земја, јурисдикција и територија во која работиме, тие се основата на нашата единствена култура.

## 1.1 Ја поттикнуваме вистинската култура започнувајќи од став на врвот.

### 1.1.1 Став на врвот

Глобалното раководство на КПМГ, кое работи со регионалните раководства и раководствата на фирмите-членки, игра клучна улога во воспоставувањето на нашата посветеност на квалитет и на највисоките стандарди на професионална извонредност. Култура базирана на одговорност, квалитет, објективност, независност, интегритет и етика е од суштинско значење во организација која врши ревизии и други услуги на кои се потпираат заинтересираните страни.

Во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје[1] , ние промовираме култура во која консултацијата се охрабрува и се признава како силна страна.

Ние ја комуницираме својата посветеност со клиенти, заинтересирани страни и општеството во целост за стекнување на доверба на јавноста.

Вредностите на КПМГ се дадени овде.

Нашите Вредности лежат во јадрото на начинот на кој ги вршиме работите. Да се направи вистинската работа, на вистинскиот начин, во вистинското време. Секогаш. Тие го поттикнуваат нашето секојдневно однесување, ги водат нашите одлуки и ги обликуваат нашите признанија. Тие формираат основа на издржлива култура подготвена да се соочи со предизвиците со интегритет, така што никогаш не ја губиме од вид главната одговорност за заштита на јавниот интерес. И тие нè водат напред - преку нашата работа и примерот што го даваме - додека инспирираме доверба и ги поттикнуваме промените низ целиот свет.

Нагласени во Глобалниот кодекс на однесување на КПМГ ("Кодексот") се одговорностите што целиот персонал на КПМГ ги има едни кон други, јавноста и нашите клиенти. Тој покажува како нашите Вредности ги инспирираат нашите најголеми аспирации и ги водат сите наши однесувања и постапки. Тој дефинира што значи да се работи во и да се биде дел од КПМГ, како и нашите индивидуални и колективни одговорности.

Од сите во КПМГ се бара да се однесуваат конзистентно со Кодексот и се бара да ја потврдат нивната усогласеност. Ние сме посветени на тоа да се сметаме себеси за одговорни затоа што се однесуваме на начин што е во согласност со Кодексот.

Поединците се охрабруваат да зборуваат отворено ако видат нешто што ги прави нелагодни или не е во согласност со Кодексот, или нашите Вредности.

*[1] - Во овој документ, "КПМГ", "ние", "наши" и "нас" се однесува на глобалната организација или на една или повеќе од фирмите-членки на КПМГ Интернешнл Лимитед, од кои секоја е посебно правно лице. КПМГ Интернешнл Лимитед е англиско друштво со ограничена одговорност и не обезбедува услуги за клиенти. Ниту една фирма-членка нема било какво овластување да го обврзува или поврзува КПМГ Интернешнл Лимитед или било која друга фирма-членка наспроти трети страни, ниту пак КПМГ Интернешнл Лимитед има било какво овластување да ја обврзува или поврзува било која фирма-членка.*



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ја живееме нашата култура и вредности

Уште повеќе, од секој во КПМГ се бара да извести – било каква активност која би можела потенцијално да биде нелегална или ги прекршува нашите Вредности, политиките на КПМГ, важечките закони, прописи или професионални стандарди.

За да се заштити овој принцип на меѓусебна одговорност, од секоја фирма на КПМГ се бара да воспостави, да комуницира и да одржува јасно дефинирани канали за да му овозможи на персоналот на КПМГ и на трети страни да поставуваат прашања, да изразуваат загриженост, да даваат повратни информации и да известуваат за работи, без страв од одмазда, во согласност со важечките закони или прописи.

Итната линија на КПМГ Интернешнл е понатамошен механизам за персоналот на КПМГ, клиентите и останати трети страни, преку која доверливо можат да ја искажат својата загриженост во врска со одредени области на активност од страна на КПМГ Интернешнл, активности на фирмите на КПМГ или персоналот на КПМГ.

На сите фирми на КПМГ и персоналот на КПМГ им е забрането да им се одмаздуваат на поединци што имаат храброст да зборуваат отворено со добра волја. Одмаздата е сериозно прекршување на Кодексот и секое лице кое ќе преземе одмазднички активности ќе биде предмет на дисциплинска политика на нивната фирма.

Глобалната анкета на вработените (Global People Survey - GPS)  им обезбедува на раководството на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО и раководството на КПМГ Интернешнл резултати поврзани со одржувањето на Вредностите на КПМГ. КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО и КПМГ Интернешнл ги следат резултатите и превземаат соодветни активнсоти за да комуницираат и да одговорат на било какви наоди.

## 1.1.2 Систем за контрола на квалитет

Ставот на врвот, лидерството и јасно поставените Вредности и однесување се од суштинско значење за да се постави рамката за квалитет. Сепак, тие треба да бидат поткрепени со систем за контрола на квалитетот кој нè прави одговорни за исполнување на највисоките професионални стандарди.

КПМГ продолжува значително да инвестира во квалитетот на ревизијата низ глобалната организација. Ние надградуваме врз нашите цврсти основи за квалитет на ревизија, и во однос на тоа како управуваме со фирмите на КПМГ, и како фирмите на КПМГ ги извршуваат ревизорските ангажмани.

Ова значи тековно инвестирање во системот за управување со квалитет, глобален мониторинг на квалитет на ревизијата, зајакната поддршка и обезбедување на врвна технологија и алатки за тимовите на ангажман.

Глобалната програма за квалитет на ревизија на КПМГ поддржува доследно распоредување на инвестиции за подобрување и поттикнување на заеднички пристап.

Обемен и конзистентен систем на контрола на квалитет е од суштинско значење за извршување на квалитетни услуги. КПМГ Интернешнл има политики за контрола на квалитет кои се применуваат на сите фирми на КПМГ. Тие се вклучени во Глобалниот прирачник на КПМГ за квалитет и управување со ризик на КПМГ - Global Quality & Risk Management Manual (GQ&RM Manual), кој е важечки за целиот персонал на КПМГ.

За да го усвои новиот меѓународен стандард за управување со квалитет (ISQM 1), кој беше одобрен од Меѓународниот Одбор за Стандарди за Ревизија и Уверување („IAASB“) и ќе стапи на сила во глобални рамки од декември 2022 година, KPMGI иницираше програма за редизајнирање на барањата на целата мрежа за системите за управување со квалитет на фирмите-членки. ISQM 1 бара од секоја фирма на КПМГ да дизајнира, имплементира и управува со систем за управување со квалитет заради конзистентно извршување на квалитетни ревизии како и да ја процени ефективноста на системот на годишно ниво.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ја живееме нашата култура и вредности

Додека се подготвуваме за ISQM 1, ние усвоивме нова Глобална рамка за квалитет за подобро да нагласиме како ние испорачуваме квалитет во КПМГ и како секој во КПМГ е одговорен за негова испорака. Принципот на „Извршување квалитетни ангажмани" се наоѓа во основата заедно со нашата посветеност за постојано следење и подобрување на нашите процеси како што е потребно.

Глобалната рамка за квалитет, исто така, ги исполнува барањата на тековните Меѓународни Стандарди за Контрола на Квалитетот (ISQC 1), објавени од страна на Меѓународниот Одбор за Стандарди за Ревизија и Уверување (IAASB) и Меѓународниот кодекс на Етика за Професионални Сметководители (вклучително Меѓународни стандарди за независност) објавен од страна на Меѓународниот Одбор за Етички Стандарди за Сметководители (IESBA), кои се важечки за фирмите за професионални услуги кои вршат ревизија на финансиски извештаи.

Иако овој Извештај за транспарентност го резимира пристапот на КПМГ кон квалитет на ревизијата, тој исто така може да биде корисен за заинтересирани страни за даночни и консултантски услуги на фирмите-членки, бидејќи многу процедури и процеси за контрола на квалитетот на КПМГ покриваат повеќе оддели и се применуваат подеднакво за сите понудени услуги.

## 1.1.3 Одговорности на раководството за квалитет и управување со ризик

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО демонстрира посветеност на квалитет, објективност, независност, етика и интегритет и го комуницира својот фокус на квалитетот со клиентите, заинтересираните страни и општеството. Нашето раководството игра клучна улога во утврдувањето на вистинскиот став и водењето со пример - демонстрирајќи непоколеблива посветеност на највисоките стандарди за професионална извонредност и залагање и поддршка на важни иницијативи.

Нашиот раководен тим е посветен на градење на култура заснована на квалитет, објективност, независност, интегритет и етика, што го демонстрира преку своите активности - писмена и видео комуникација, презентации на тимови и дискусии еден-на-еден.

Од КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО се бара да прибере информации од претседавачот на релевантната Глобална Група за Управување или од неговиот/нејзиниот делегат за успешност во работата на одредени лидери во рамките на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО чија улога е најтесно поврзана со активностите на Глобалната Група за Управување.






©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ја живееме нашата култура и вредности

Информациите се бараат како дел од годишниот процес на оценка на успешност во работата и се заснова на проценка на успешноста во работата на лидерот, која вклучува прашања од јавен интерес, квалитет на ревизија и активности за управување со ризик.

Следните лица имаат лидерски одговорности за квалитет и управување со ризик во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО.

### *Раководен Партнер*

Во согласност со принципите во МСКК 1, нашиот Раководен Партнер ја презема крајната одговорност за системот за контрола на квалитет на КПМГ РЕВИЗИЈА.

Нашиот раководител на ревизија, ја презема одговорноста за системот за контрола на квалитет на КПМГ РЕВИЗИЈА во однос на ревизорските услуги.

### *Партнер за Управување со ризик*

Партнерот за управување со ризик е одговорен за насочување и извршување на контрола на квалитет, ризик и усогласеност во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО. Партнерот за управување со ризик е член на Извршниот тим на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО и има директна линија на известување до Раководниот Партнер. Таа се консултира со назначениот Регионален раководител за квалитет и управување со ризик на КПМГ.

Сениорската поставеност на линиите за известување ја подвлекува важноста која Друштвото ја посветува на прашањата од областа на ризик и квалитет. Партнерот за Управување со ризик е поддржан од централен тим за квалитет и управување со ризик.

### *Партнер за Етика и независност*

Партнерот за Етика и независност има примарна одговорност за насочување и извршување на политиките и процедурите за етика и независност во КПМГ РЕВИЗИЈА и известување за прашања поврзани со етика и независност до Раководниот Партнер.

### *Раководител на ревизија*

Раководителот на ревизијата е одговорен пред Раководниот партнер за квалитетот на услугите кои се испорачуваат во одделот за ревизија. Раководителот на ревизијата го утврдува функционирањето на процедурите за управување со ризик и осигурување на квалитет на одделот за ревизија во рамката поставена од страна на Партнерот за управување со ризик. Овие процедури појаснуваат дека на ниво на ангажман, управувањето со ризик и контрола на квалитет е крајна одговорност на сите професионалци во фирмата.

Нашиот раководител на ревизија е одговорен за ефективно управување и контрола на одделот за ревизија. Ова вклучува:

- Поставување на цврст став и култура за поддршка на квалитет на ревизија преку комуникација, поддршка на ангажмани и посветеност на највисоките стандарди за професионална извонредност, вклучувајќи професионален скептицизам, објективност, и етика и независност;
- Развивање и спроведување на стратегија за ревизија која е усогласена со барањата за квалитет на ревизија на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО; и
- Работење со Партнерот за управување со ризик, за следење и осврт на работи поврзани со квалитетот на ревизија и ризиците, кога тие се однесуваат на ревизорската практика.

### *Раководен тим на ревизија*

Раководниот тим на ревизија во КПМГ РЕВИЗИЈА има редовни дискусии за договарање на активности за тековни и нови прашања за квалитетот на ревизијата кои произлегуваат од надворешни и внатрешни процеси за контрола на квалитет, прашања кои се покренати од страна на тимовите на ангажмани, процедури за анализа на главните причини и други прашања за квалитет идентификувани од различни извори.

За посложени прашања (што може да бара измени и дополнувања на глобалната методологија за ревизија или алатките за ревизија на КПМГ), тие би се доставиле до Глобалните оддели за ревизија на КПМГ Интернешнл за разгледување и потенцијален развој од страна на Глобалната група за решенија на КПМГ - ГГР (претходно Глобален центар за услуги – ГЦУ)  и Групата за меѓународните стандарди (ГМС).



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ја живееме нашата култура и вредности

За повеќе информации во врска со ГГР и ГМС, погледнете ги деловите Глобална група за решенија - ГГР (KPMG Global Solutions Group -KGSG) и Група за меѓународни стандарди - ГМС (International Standards Group - ISG). Информациите се бараат како дел од годишниот процес на оценка на успешност во работата и се заснова на проценка на успешноста во работата на лидерот, која вклучува прашања од јавен интерес, квалитет на ревизија и активности за управување со ризик.

***Што е квалитет на ревизија?***

Квалитетот на ревизијата е фундаментален за одржување на довербата на јавноста и е клучна мерка на која се потпира нашата професионалната репутација.

Ние го дефинираме "квалитетот на ревизијата" како резултат кога ревизиите се извршуваат конзистентно, во согласност со барањата и намерите на важечките професионални стандарди, во рамки на цврст систем на контроли на квалитет. Сите наши поврзани активности се преземаат во услови на најголемо ниво на објективност, независност, етика и интегритет.

## 1.2 Јасно артикулирана стратегија фокусирана на квалитет, конзистентност, доверба и раст

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ Е ВОДЕЧКО ДРУШТВО ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ УСЛУГИ ВО ЗЕМЈАТА

### 1.2.1 Нашата работа

Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје ("КПМГ РЕВИЗИЈА") е друштво за професионални услуги од областа на ревизија. КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје е друштво специјализирано за ревизија и е член на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, регистрирано во регистарот на Друштва - Овластени ревизори под број 10.

Друштвото работи во Република Северна Македонија преку својата канцеларија во Скопје.

Понатамошни детали за нашите услуги кои ги нудиме може да најдете на нашата веб-страна на следниот линк: www.kpmg.com/mk.

### 1.2.2 Нашата стратегија

Стратегијата на КПМГ РЕВИЗИЈА е утврдена од страна на нејзините партнери и демонстрира посветеност на квалитетот и довербата. Нашиот фокус е да инвестираме значително во приоритетите кои се дел од имплементација на повеќегодишна колективната стратегија која се одвива низ глобалната организација.

## 1.3 Дефинирани одговорности, улоги и задолженија, вклучително и за раководството

### 1.3.1 Правна структура

Правна структура и сопственост од 1 октомври 2020 година

Ефективно од 1 октомври 2020 година, КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО и сите други фирми на КПМГ склучија нови документи за членство и поврзани документи, чие клучно влијание е што сите фирми-членки на КПМГ во глобалната организација на КПМГ станаа членки на или имаат други правни врски со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. КПМГ Интернешнл Лимитед дејствува како координативен ентитет за општа корист на фирмите-членки на КПМГ. Тој не обезбедува професионални услуги за клиенти. Професионални услуги за клиенти обезбедуваат исклучиво фирми-членки.

Дополнителни детали за изменетите правни и аранжмани за управување за глобалната организација на КПМГ од 1 октомври 2020 година може да се најдат во делот „Управување и раководење" на Извештајот за транспарентност на КПМГ Интернешнл за 2021 година.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ја живееме нашата култура и вредности

КПМГ Интернешнл Лимитед и фирмите-членки на КПМГ не се глобално партнерство, единствена фирма, мултинационална корпорација, заедничко вложување или во релации или партнерство како принципал или агент едни со други. Ниту една фирма-членка нема било какво овластување да го обврзува или поврзува КПМГ Интернешнл Лимитед, било кој од неговите поврзани ентитети или било која друга фирма-членка наспроти трети страни, ниту пак КПМГ Интернешнл Лимитед или било кој од неговите поврзани ентитети има било какво овластување да ја обврзува или поврзува било која фирма-членка.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО е дел од глобалната организација на КПМГ на фирми за професионални услуги кои обезбедуваат ревизорски, даночни и консултантски услуги за широк спектар на организации од јавниот и приватниот сектор. Организационата структура на КПМГ е дизајнирана за поддршка на конзистентноста во квалитетот на услугите и почитување на договорените Вредности насекаде каде работат фирмите.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО е друштво со ограничена одговорност, основано на 8 ноември 1995 година согласно Законот за трговските друштва на Република Северна Македонија, регистрирано во Трговскиот регистар на Република Северна Македонија под ЕМБС 5078598, со регистрирано седиште на адреса ул. Филип Втори Македонски бр. 3, 7-ми кат, Соравиа Центар Скопје,1000 Скопје, Република Северна Македонија.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО е друштво регистрирано за вршење на дејноста ревизија и за други дејности од внатрешниот и надворешниот промет и поседува соодветна Лиценца за работа за вршење на работи на ревизија број 07-334/1 од 12 јули 2013 година и Регистарски број на лиценца 13 издадена од страна на Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

Во моментот, сопственичката структура е следната:

- Срѓан Ранѓеловиќ, овластен ревизор, сопственик на 51% удел во Друштвото во износ од 7.069 евра; и
- КПМГ ЦЕЕ Холдинг а.с. Прага, акционерско друштво регистрирано во Чешка Република, со седиште на ул. Побрежни бр. 648-1а/КАРЛИН, 186 00 Прага 8, Чешка Република, сопственик на 49% удел во друштвото во износ од 6.791 евра.

Висината на основната главнина на Друштвото изнесува 13,860 евра.

Клучни управувачки и раководни органи на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО се собирот на содружници и управителот.

Друштвото има еден управител:

- Срѓан Ранѓеловиќ, овластен ревизор

Управителот раководи и го претставува Друштвото самостојно.

Информациите за правната и сопственичката структура на Друштвото, неговите органи на управување и сите други околности кои се предмет на упис во согласност со законот се регистрирани и се јавно достапни во Трговскиот регистар.

Бројот на вработени на неопределено време со полно работно време во Друштвото на 31 декември 2021 година изнесуваше 20 лица.

Бројот на вработени на неопределено време со полно работно време во Друштвото заклучно со 31 март 2022 година изнесува 24 лица.

Приоритетната дејност/главна приходна шифра на Друштвото претставува: 69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО има годишно осигурување од одговорност засновано со Полиса бр.13040000501/00 и Полиса 130400001511/00 кои го покриваат периодот на осигурување од 01.06.2021 - 01.06.2022 година и кои го исполнуваат минималното барање за сума на покриеност по настан од 400.000 евра (приближно 24.600.000 денари).



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ја живееме нашата култура и вредности

### 1.3.2 Назив, сопственост и правни односи

„KPMG" е регистриран заштитен знак на КПМГ Интернешнл и е називот со кој фирмите-членки, вклучително и КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО се општо познати. Правата на фирмите-членки да го користат името и знаците на KPMG се содржани во договорите со КПМГ Интернешнл.

Фирмите-членки генерално се во локална сопственост и локално се управувани. Секоја фирма-членка е одговорна за своите сопствени обврски и одговорности. КПМГ Интернешнл и другите фирми-членки не се одговорни за обврските и одговорностите на поединечна фирма-членка.

Фирмите-членки може да се состојат од повеќе од еден посебен правен субјект. Ако ова е случај, секое посебно правно лице, ќе биде одговорно само за своите сопствени обврски и одговорности, освен ако не е изрично поинаку договорено.

1.3.3 Одговорности и обврски на фирмите-членки

Следствено на нивните договори со КПМГ Интернешнл, од фирмите-членки се бара да се во согласност со политиките, процедурите и прописите на КПМГ Интернешнл вклучувајќи стандарди за квалитет кои регулираат како тие работат и како обезбедуваат услуги за клиенти за поефективна конкурентност. Ова вклучува цврста структура која обезбедува континуитет и стабилност и можност за прифаќање на глобалните стратегии, споделување на ресурси (влезни и излезни), пружање услуги на мултинационални клиенти, управување со ризик и развивање на глобални методологии и алатки.

Секоја фирма-членка ја презема одговорноста за своето управување и квалитетот на својата работа.

Фирмите-членки се обврзуваат на заеднички сет од Вредности на КПМГ.

Активностите на КПМГ Интернешнл се финансирани од годишни надоместоци платени од страна на фирмите-членки. Основата за пресметување на овие износи е одобрена од страна на Глобалниот одбор и конзистентно применета на фирмите-членки. Статус на фирмата како фирма-членка на КПМГ и нејзиното учество во организацијата на КПМГ може да се прекине ако, меѓу другото, таа не била во согласност со политиките, процедурите и прописите утврдени од страна на КПМГ Интернешнл или било која друга обврска кон КПМГ Интернешнл.

## 1.4 Надзор со користење на обемни структури на управување

### 1.4.1 Структура на управување

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО применува високи стандарди на корпоративно управување.

Овластени лица именувани како партнери на КПМГ ја играат клучната улога во управувањето и раководењето со фирмата. Во рамки на структурата на КПМГ, позицијата на партнер не е еквивалентна на регистриран сопственик на капиталот на локалната фирма-членка на КПМГ.

Партнерите се одговорни за утврдување на политиката, развивање на бизнис план во рамките на целокупната стратегија на КПМГ Интернешнл, заедно со нејзино последователно спроведување.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Примена на експертиза и знаење

Ние сме посветени да продолжиме да ја надградуваме нашата техничка експертиза и знаење, препознавајќи ја нејзината фундаментална улога во извршувањето на квалитетни ревизии.

## 2.1 Методологија усогласена со професионални стандарди, закони и регулативи

### 2.1.1 Конзистентна методологија и алатки за ревизија

Обезбедување на конзистентност преку нашата методологија

Нашата методологија, алатки и насоки за ревизија овозможуваат конзистентен пристап кон планирање, извршување и документирање на ревизорски постапки во текот на клучните сметководствени процеси:

- глобално конзистентни и целосно усогласени со применливите стандарди, вклучувајќи ги Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Одборот за надзор на сметководство на јавни компании (PCAOB) и Американскиот институт на овластени сметководители (AICPA) и се дополнети за да се усогласат со локалните стандарди за ревизија и регулаторните или законските барања на фирми-членки на КПМГ
- со вклучени толкувања на методологијата на КПМГ кои поттикнуваат конзистентност во области каде што применливите стандарди не го пропишуваат детално пристапот што треба да се следи
- насочени кон идентификување на ризик, фокусирајќи се на ризици од материјално погрешни прикажувања и неопходен ревизорски одговор
- ставени на располагање на сите професионалци во ревизија на КПМГ и се бара да се користат, каде што е потребно
- се применуваат дури и кога локалните стандарди за ревизија може да бидат помалку изискателни од МСР
- фокусирани на меѓународната методологија за уверување и усогласувањето на услугите за уверување како одговор на порастот на факторите поврзани со ESG (Еколошки, Социјални и Управувачки – Environmental, Social and Governance) - (Известување за ESG).

Методологија за ревизија на КПМГ е утврдена во Прирачникот за ревизија на КПМГ (за употреба со eAudit) и Упатството за извршување на ревизија на КПМГ (за употреба со KPMG Clara workflow) и вклучува толкување на КПМГ за тоа како да се применат МСР, што веруваме дека го зголемува квалитетот на ревизијата. Методологијата нагласува примена на соодветен професионален скептицизам во извршувањето на ревизорските постапки и бара усогласеност со релевантните етички барања, вклучувајќи ја и независноста.

Подобрувања на методологијата за ревизија, насоките и алатките на ревизијата се прават редовно за да ја задржат усогласеноста со стандардите, и да одговорат на новите ревизорски области во фокус и резултатите од проверките на квалитетот на ревизијата (внатрешни и надворешни). На пример, како резултат на пандемијата COVID-19, многу компании се соочуваат со значителна финансиска неизвесност. Ние издадовме упатства за нашите ревизори кои спроведуваат ревизорски процедури со работа од далечина, подигнувајќи ја свеста за клучните ревизорски ризици како што се принципот на континуитет во работењето и обезвреднување и обезбедивме потсетници за важноста од практикување на професионален скептицизам, преземајќи соодветни активности доколку се идентификува информација што е неочекувана или невообичаена и може да биде индикатор за потенцијална пристрасност на раководството, ризик за измама или измама.

Фирмите на КПМГ можат да дополнат локални барања и/или упатства во Прирачникот за ревизија на КПМГ и Упатството за извршување на ревизија на КПМГ за да се усогласат со дополнителни професионални, законски или регулаторни барања.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Примена на експертиза и знаење

## 2.2 Длабока техничка експертиза и знаење

### 2.2.1 Пристап до мрежа на специјалисти

Експертизата на специјалисти е сè поважен дел од модерната ревизија. Тимовите на ангажмани во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО имаат пристап до мрежа на локални специјалисти на КПМГ или во нивната фирма или во други фирми на КПМГ. Овие специјалисти ја добиваат потребната обука за да се осигура дека имаат компетенции, способности и објективност за соодветно да ја исполнат својата улога во нашите ревизии. Тие исто така годишно добиваат глобално ажурирани информации за глобални прашања поврзани со исполнување на квалитетот.

Потребата специјалисти да бидат назначени на ревизорски ангажман во области како што се информации, технологија, даноци, управување со ликвидност, актуарство, форензика и проценки, се зема во предвид како дел од процесот на прифаќање и продолжување на ангажманот за ревизија, како и за време на планирањето и извршувањето на ангажманот.

### 2.2.2 Посветеност на КПМГ на квалитет на ревизијата за време на пандемијата COVID-19

Пандемијата COVID-19 не принуди сите да размислуваме поинаку, ние продолжуваме да одговараме и да го прифаќаме овој предизвик.

Од почетокот на пандемијата ние одржуваме онлајн COVID -19 | Центар на ресурси за финансиско известување за да им помогнеме на компаниите и другите заинтересирани страни да ги разберат потенцијалните импликации врз сметководството и обелоденувањето.

КПМГ Интернешнл издаде обемно упатство за да им помогне на тимовите во решавањето на различни прашања поврзани со сметководство, финансиско известување и ревизија кои произлегуваат од влијанијата на пандемијата COVID -19, вклучително и принципот на континуитет во работењето, обезвреднување на средства, проценки и поврзани обелоденувања, материјалност, проценка на ризик, групни ревизии, залихи, последователни настани и ревизорски докази за комуникација со одговорните за управување. Дополнително, КПМГ Интернешнл издаде специфични упатства за услови за работа од далечина кои се однесуваат на тоа како тимовите работат заедно, комуникациите со раководството и дизајнот и извршувањето на ревизорските процедури.

Упатствата на КПМГ постојано се ажурираа во текот на пандемијата, како што се идентификуваа други значајни прашања поврзани со ревизија, сметководство и известување.

КПМГ е организација опремена со технологија, со достапност по електронски пат на сите сметководствени и ревизорски технички ресурси, упатства и ревизорски платформи и алатки, што овозможува префрлање на работа од далечина.

Засилената комуникација е сè поважна за сите во време на пандемијата COVID -19. Ние ги искористивме нашите инвестиции во технологијата за да им обезбедиме на фирмите на КПМГ редовни комуникации, вклучително и виртуелни состаноци за споделување на најдобрите практики и насоки. Дополнително, ние вклучивме специфични кратки анкети за COVID-19, за да ни овозможи да ги слушнеме нашите луѓе во реално време и соодветно да го обликуваме нашиот одговор.

## 2.3 Прирачник за квалитет и управување со ризик

КПМГ Интернешнл има политики за контрола на квалитет кои се применуваат на сите фирми-членки. Тие се вклучени во Глобалниот прирачник на КПМГ за квалитет и управување со ризик (GQRMM), кој е важечки за целиот персонал на КПМГ. Од КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО се бара да воспостави и одржува систем за контрола на квалитетот и да дизајнира, имплементира и тестира оперативна ефективност на контролите за квалитет.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Вклучување на дигиталната технологија

Во КПМГ, ние сме посветени да му служиме на јавниот интерес и да создаваме вредност преку континуирано иновирање. Со искористување на водечките технологии, ние го трансформираме ревизорското искуство за нашите професионалци и нашите клиенти - овозможувајќи ни да обезбедиме уште поголем квалитет на ревизија преку зголемување на нашата способност да се фокусираме на прашањата кои се важни преку податоците и анализите што ги обезбедува.

## 3.1 Интелигентен процес на ревизија управуван од стандарди.

Од сите професионалци во КПМГ РЕВИЗИЈА се бара да се придржуваат кон политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл и КПМГ РЕВИЗИЈА[2] , вклучително и политики за независност, и им се обезбедува широк спектар на алатки и упатства за нивна поддршка во исполнување на овие очекувања. Политиките и процедурите за ревизија на КПМГ РЕВИЗИЈА поставени за ревизорски ангажмани ги вклучуваат релевантните барања за сметководство, ревизија, етички и стандарди за контрола на квалитет и други релевантни закони и прописи. Тие се дизајнирани да одговорат на важечките локални законски и регулаторни барања како и на правилата и стандардите издадени од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија и други релевантни регулаторни тела.

### 3.1.1 Развивање на нашиот процес на ревизија

Ние разбираме дека за да испорачаме квалитетни ревизии, треба постојано да еволуираме и да ги развиваме нашите технолошки решенија за да одиме во чекор со денешниот дигитален свет.

Затоа започнавме процес на преобразување на нашата платформа за ревизија, процес и методологија за да обезбедиме зголемена конзистентност и поддршка на нашите тимови за ангажмани на ревизија, да им овозможиме подетални увиди и да ги подготвиме нашите системи за иднината за очекуван континуиран развој на нови технологии, како што се роботска автоматизација на процесите, машинско учење и когнитивни технологии.

Активирањето на алатката KPMG Clara workflow и ревидираната методологија на ревизија е важна пресвртница на патот на КПМГ кон иновирање, дигитализација и трансформирање на ревизорско искуство за нашите луѓе. Тоа е значајна инвестиција која ја потенцира нашата посветеност на квалитет на ревизија, конзистентност и иновативност.

#### *KPMG Clara*

KPMG Clara е наша паметна и интуитивна технолошка платформа која глобално поттикнува конзистентно извршување на ревизијата. Како целосно интегрирана, модуларна, cloud платформа, таа овозможува подобрена методологија за ревизија преку процес на ревизија базиран на податоци.

Платформата интегрира нови технологии и технологии во развој, со напредни способности кои користат data science, автоматизација на ревизијата и визуелизација на податоците.

Дигиталната ревизија е сѐ повеќе составен дел од тоа како фирмите членки на КПМГ вршат квалитетни ревизии и комуницираат со нивните клиенти. Воспоставени се политики и упатства за воспоставување и одржување на соодветни процеси и контроли во однос на развојот, евалуацијата и тестирањето, распоредување и поддршка на технологијата во нашите ревизии.

KPMG Clara им помага на ревизорите да согледаат значајни обрасци во рамки на некој бизнис, било при проценка на ризиците, следење трансакции преку сложен процес на приходи, или едноставно собирање на сметките. Примери за тековни способности вклучуваат:

— анализа на податоци за салда на сметки и книжни ставови

---

**2 - Сите упатувања на "Политики и процедури на КПМГ" или "наши политики и процедури" се однесуваат на политиките на КПМГ Интернешнл и на дополнителните политики на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО заедно.*



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Вклучување на дигиталната технологија

- анализа на податоци за салда на сметки и книжни ставови
- автоматизирање на споредбата на салдата на сметки по периоди и информации за развој на „временски серии“
- овозможување на анализа на поданалитички, податоци на ниво на трансакции за одредени деловни процеси и сметки.

***Нашата визија за иднината***

KPMG Clara беше развиена за да биде основната технолошка платформа на КПМГ за испорачување на квалитет на ревизија. Таа го обезбедува ова со тоа што е основна технологија која испорачува нови способности на глобално конзистентен начин, давајќи ја основата на процесите на ревизија и овозможувајќи целосно дигитално искуство за нашите професионалци во ревизија.

Платформата KPMG Clara еволуира бидејќи технологиите како што се вештачка интелигенција, блокчејн и когнитивни способности, го трансформираат начинот на кој се извршуваат ревизиите.

***KPMG Clara workflow***

Ние го заменуваме eAudIT со нов процес и ревидирана методологија за ревизија вградена во платформата за паметна ревизија KPMG Clara. Постапниот целосен развој на KPMG Clara workflow започна на глобално ниво во 2020 година со планирано завршување на целосната глобална транзиција за ревизиите на финансиките периоди кои завршуваат во 2022 година.




Веб-базираниот KPMG Clara workflow ги води ревизорските тимови низ серија од чекори во логички редослед усогласени со применливите професионални стандарди за ревизија, со јасно прикажување на информации, визуелни елементи и достапни упатства, и со вградени напредни можности за дигитална ревизија и управување со проекти. Процесот и ревидираната методологија за ревизија се прилагодливи кон големината и сложеноста на ревизорскиот ангажман. KPMG Clara workflow значително ќе засили извршувањето на ревизија од страна на професионалците на КПМГ и јасно ќе поттикне квалитет на ревизија и конзистентност на глобално ниво.

Преку употреба на data mining и следење на релевантни индикатори на ниво на ангажмани, KPMG Clara Workflow може да го олесни мониторингот на извршувањето на ревизиите на ниво на ангажман.

Ние продолжуваме да ја подобруваме платформата за паметна ревизија KPMG Clara за да ги задоволи забрзаните безбедносни барања, да ги интегрира постојните апликации за ревизија во една платформа и да развие нови способности за дигитализирање на дополнителни ревизорски процеси.

## 3.1.2 Доверливост кон клиентот, безбедност на информации и заштита на лични податоци

Важноста на задржувањето на доверливоста кон клиентот е нагласена преку различни механизми вклучувајќи редовни комуникации на оваа тема, Глобалниот Кодекс на однесување на КПМГ, обука и процесот на годишни изјави/потврди, кои ги пополнуваат сите професионалци на КПМГ.

Ние имаме политики за информациона сигурност, доверливост, лични информации и заштита на лични податоци. Ние имаме формална политика за чување на документи во однос на периодот на чување на ревизорска документација и друга евиденција важна за ангажманот во согласност со барањата на IESBA, како и другите применливи закони, стандарди и регулатива.

Ние обезбедуваме обука поврзана со барањата за доверливост, информациона сигурност и заштита на лични податоци за сите вработени во КПМГ РЕВИЗИЈА на годишно ниво.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Развивање на тимови со разновидни вештини

Нашите луѓе ја прават вистинската разлика и се клучни во обликувањето на иднината на ревизијата во КПМГ. Квалитетот и интегритетот го ставаме во основата на нашата ревизорска практика. Нашите ревизори имаат разновидни вештини и способности за решавање на сложени проблеми.

## 4.1 Вработување на кадар со соодветни квалификации и вештини, вклучително и специјалисти со разновидно искуство и перспектива

Еден од клучните двигатели за квалитет е гаранцијата дека професионалците на КПМГ ги имаат соодветните вештини и искуство, мотивација и цел да испорачаат највисок квалитет на ревизија. За ова е потребна соодветно вработување, развој, наградување, унапредување, задржување и распоредување на професионалци.

### 4.1.1 Вработување

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО инвестираше во разбирањето како можеме да го привлечеме талентот што ни треба низ организацијата во иднина. Ова бара правилно вработување, развој, награда, унапредување и назначување на професионалци. Ова вклучува градење на извонредно персонално искуство за сите сегашни и идни партнери и вработени.

Нашата стратегија за вработување е фокусирана на привлекување на таленти на почетно ниво од широка база на таленти, вклучувајќи соработка со реномирани универзитети, помагајќи да се изградат односи со помлад, разновиден пул на таленти на порана возраст.

Сите кандидати поднесуваат апликација и се вработуваат по спроведување на разновидни процеси на селекција, кои можат да вклучат разгледување и селекција на апликациите, интервјуа базирани на компетентност, психометриски и тестови за способност и проверки на квалификациите/препораките. Тие ги израмнуваат критериумите за работа, за да се осигура дека кандидатите кои ги поседуваат соодветните вештини и искуство за компетентно извршување, се погодни и најдобро позиционирани за нивните улоги.

Кога се регрутираат поединци за повисоки нивоа, со нив се спроведува формална независна дискусија од страна на Партнерот за етика и независност или делегат. КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО не прифаќа никакви доверливи информации кои припаѓаат на поранешната фирма/работодавач на кандидатот.

### 4.1.2 Програми за Инклузија, Диверзитет и Еднаквост

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО е посветен на изградба на фирма која е разновидна и овозможува рамноправност и инклузија за сите.

Инклузија, диверзитет и еднаквост (Inclusion, Diversity & Equity - IDE) е суштината на нашето постоење - помагајќи ни да изградиме одлични тимови со различни погледи кои го претставуваат светот во кој живееме. Тоа води до подобро донесување одлуки, поттикнува поголема креативност и иновација и нѐ охрабрува да се исправиме, да ги живееме нашите Вредности и да го правиме она што е правилно.

Ние препознаваме дека глобалната позиција на нашите фирми кои работат со клиенти ширум светот, нѐ става на привилегирано место. Заедно со тоа доаѓа можност и одговорност да постигнеме повеќе и да се заложиме за поправедно, поеднакво општество.

Нашиот Глобален колективен акционен план за Инклузија, Диверзитет и Еднаквост на КПМГ ги потенцира активностите кои се неопходни за унапредување на инклузијата, диверзитетот и еднаквоста во КПМГ РЕВИЗИЈА и низ сите КПМГ фирми.

Повеќе за Инклузија и Диверзитет во КПМГ прочитајте овде.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Развивање на тимови со разновидни вештини

## 4.1.3 Награда и Унапредување

***Награда***

КПМГ РЕВИЗИЈА има политики за надомест и унапредување кои се поткрепени со податоци од пазарот, се јасни, едноставни, правични и поврзани со процесот на оценка на работата. Ова им помага на нашите партнери и вработени да разберат што се очекува од нив и што тие може да очекуваат за возврат. Врската помеѓу перформансите и наградата се постигнува со оценка на релативните перформанси кај вработени на иста позиција што дава информации за одлуките за награда. Одлуките за наградување се засноваат на разгледување и на индивидуални перформанси и на перформансите на фирмата.

Степенот до кој нашите луѓе чувствуваат дека нивните перформанси се рефлектирани во нивната награда се мери преку Глобална анкета на вработените и се развиваат соодветни акциони планови.

***Унапредување***

Резултатите од евалуацијата на перформансите директно влијаат врз унапредувањето и наградувањето на партнерите и вработените и во некои случаи, нивната континуирана поврзаност со КПМГ.

## 4.2 Назначување на соодветно квалификуван тим

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО има процедури за назначување на партнери на ангажмани и на други професионалци на конкретни ангажмани врз основа на нивните вештини, релевантно професионално искуство и искуство во индустријата, како и природата на задачата или ангажманот. Раководителот на ревизија е одговорен за процесот на назначување на партнер. Клучните фактори за назначување на партнер ги вклучуваат искуството на партнерот и капацитетот, врз основа на прегледот на годишното портфолио на партнерот, да го изврши ангажманот земајќи ги во предвид големината, комплексноста и профилот на ризик на ангажманот и видот на поддршката која треба да се обезбеди (на пример, состав на тимот на ангажманот и вклучување на специјалисти).

Партнерите на ангажмани во ревизија треба да бидат убедени дека нивните тимови имаат соодветни компетенции, обука и способности, вклучувајќи и време, да вршат ангажмани на ревизија во согласност со нашата методологија за ревизија, професионалните стандарди и применливите правни и регулаторни барања. Ова може да вклучува и инволвирање на специјалисти од нашата фирма или други фирми членки на КПМГ или надворешни специјалисти.

Како дополнителна контрола, нашиот Раководител на ревизија врши годишен преглед на портфолиото на сите наши партнери на ревизорски ангажмани. Целта на овој преглед на портфолио е да се види комплексноста и ризикот на секоја ревизија, а потоа да се утврди дали земено во целост, специфичниот партнер на ангажманот има соодветно време и вистинска поддршка која би му овозможила на партнерот на ангажманот да изврши висококвалитетна ревизија за секој клиент во неговото портфолио.

Кога се разгледуваат соодветната компетентност и способности кои се очекуваат од тимот како целина, разгледувањата на партнерот на ангажманот може да го вклучуваат следново:

- Разбирање и практично искуство со ангажмани на ревизија од слична природа и комплексност преку соодветна обука и учество
- Разбирање на професионалните стандарди и законските и регулаторни барања
- Соодветни технички вештини, вклучувајќи ги и оние поврзани со релевантна информатичка технологија и специјализирани области на сметководство или ревизија
- Знаење од областа на релевантните индустрии во кои клиентот работи
- Способност да се применува професионално расудување
- Разбирање на политиките и процедурите на КПМГ РЕВИЗИЈА за контрола на квалитет
- Резултати од Контрола на квалитет и резултати од регулаторни проверки.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Развивање на тимови со разновидни вештини

## 4.3 Инвестирање во вештини ориентирани на податоци - вклучувајќи data mining, анализа и визуелизација на податоци

КПМГ стратешки инвестира во нашиот пул на таленти преку партнерство со институции од светска класа за да го одржи нашето силно лидерство, а истовремено ги развива вештините и способностите што ќе бидат потребни во иднина. Ние вработуваме и обучуваме професионалци кои се специјализирани за софтвер, Cloud платформи и вештачка интелигенција и кои можат да донесат водечки технолошки способности на нашата платформа за паметна ревизија. Обезбедуваме обука за широк опсег на технологии за да се осигураме дека професионалците од областа не само што ги исполнуваат највисоките професионални стандарди, туку се и усовршени во новата технологија. Со овој пристап, ние ги здружуваме вистинските луѓе со вистинските вештини и вистинската технологија за да извршиме исклучителни ревизии.

## 4.4 Фокусирано учење и развој на техничка експертиза, професионален фокус и лидерски вештини

### 4.4.1 Заложба за техничка совршеност и испорака на квалитет на услугите

На сите професионалци на КПМГ РЕВИЗИЈА им се обезбедува техничка обука и помош која им е потребна за извршување на нивните улоги. Ова вклучува пристап до внатрешни специјалисти и одделите за професионална пракса за консултација. Доколку вистинскиот ресурс не е достапен во рамките на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, фирмата има пристап до мрежа од високо квалификувани КПМГ професионалци во други фирми на КПМГ.

Во исто време, ревизорските политики бараат од сите професионалци во ревизија на КПМГ да имаат соодветно знаење и искуство за нивните ангажмани.

### 4.4.2 Стратегија за постојано учење

Изјавата од раководството на Друштвото за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени за 2021 година е дадена во Прилог 2 на овој извештај.

***Формална обука***

Годишните приоритети за развој и спроведување на обуки се идентрифкуваат од страна на Координативните групи за Учење и развој во ревизијата на глобално, регионално, и доколку е применливо, на ниво на фирма на КПМГ.

Барањата за задолжително учење за професионалците на ревизија низ организацијата на КПМГ се поставуваат годишно. Обуките се изведуваат со користење на комбинација од пристапи на обука и поддршка во работењето.

***Менторство и обука во текот на работата***

Обуката не е ограничена на единствен пристап - богати искуства за учење се достапни кога е потребно, преку обука и навремено учење, достапни со притискање на копче и усогласени со профили и патеки за учење специфични за работата.

Менторството и искуството на работното место играат клучни улоги во развојот на личните квалитети важни за успешна кариера во ревизијата, вклучувајќи професионално расудување, техничка совршеност и инстинкт.

Ние поддржуваме култура на обучување низ КПМГ како дел од пристапот да им се овозможи на професионалците на КПМГ да го постигнат својот целосен потенцијал и да се поттикне дека секој член на тимот е одговорен за градење на капацитетот на тимот, обучување на други членови на тимот и споделување на искуства.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Развивање на тимови со разновидни вештини

Во однос на ревизијата, КПМГ РЕВИЗИЈА:

- Применува различни решенија за учење кои се дизајнирани да ги зајакнат Вредностите на КПМГ и да им обезбедат на нашите професионалци вистинска основа, да ги развијат неопходните вештини и ставови за правилно расудување и да применуваат професионален скептицизам со што се подобрува квалитетот и вредноста на ревизијата
- Обезбедува обука под водство на инструктор и виртуелна училница, алатки за поддршка на ефикасноста, водичи за обука и навремено учење, достапни за критични ревизорски теми – тие се користат од страна на ревизорските тимови и овие упатства се вградени во рамки на решенијата за обука во ревизијата.
- Исто така, има развиено алатки за професионално расудување, со цел да се зајакне значењето на независноста и објективноста, и да им помогне на тимовите на ангажмани во демонстрирањето на професионален скептицизам
- Обезбедува курсеви за подобрување на личната ефикасност и развој на лидерски и бизнис вештини. Нашите партнери и вработени понатаму се развиваат за повисоки перформанси преку обука и менторство на работа, проширување на задачите и можности за ротација на земји и глобална мобилност.

## 4.4.3 Лиценцирање и задолжителни барања за ангажмани според МСФИ® Стандарди

***Лиценцирање***

Од сите професионалци во КПМГ РЕВИЗИЈА се бара да се во согласност со важечките правила за професионални лиценци и да ги задоволат потребите за Континуирана професионална обука (КПУ) во јурисдикцијата каде работат. Политиките и процедурите на КПМГ РЕВИЗИЈА се дизајнирани за да го олеснат усогласувањето со барањата за лиценцирање.

Овластените ревизори во Друштвото кои се членови на Институт на овластени ревизори на РСМ учествуваат во годишната обука и се во согласност со барањата од членот 28 од Законот за ревизија за минимум часови на континуирана обука.

Ние сме одговорни, професионалците од ревизија кои работат на ангажмани, да имаат соодветно познавање од ревизија, сметководство и индустријата и да имаат искуство во локалната рамка за финансиско известување и Меѓународните стандарди за финансиско известување - МСФИ.

Покрај тоа, КПМГ има специфични барања за партнери, менаџери и проверувачи на контрола на квалитет на ангажман кои работат на ангажмани по стандарди на МСФИ, во земји каде стандардите на МСФИ не се доминантна рамка за финансиско известување.

Слични политики се применуваат за ангажмани вон САД за финансиски извештаи или финансиски информации изготвени во согласност со  Општо Прифатени Сметководствени Принципи во САД (USGAAP) и/или ревидирани во согласност со  Стандарди за ревизија во САД, вклучително известување за ефективноста на интерните контроли на ентитетот врз финансиското известување (ICOFR). Согласно на нив, потребно е како минимум, сите партнери, менаџери, и доколку се назначени, партнери за контрола на квалитет (и за ангажмани спроведени во согласност со US GAAP и/или ангажмани за стандарди за ревизија на САД, партнерот на ангажман, менаџерот на ангажман, задолжениот за тимот за ангажман и, доколку се назначени партнерите за контрола на квалитет на ангажманот), назначени на ангажманот, да имаат исполнето релевантна обука и тимот на ангажманот колективно, да има доволно искуство во извршување на ангажманот или има имплементирано соодветни заштитни мерки за надополнување на било каков недостиг.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Развивање на тимови со разновидни вештини

## 4.5 Препознавање на квалитет

### 4.5.1 Личен развој

Пристапот на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО за развој на перформансите “Open Performance Development” е изграден околу принципите за перформанси “Секој е лидер“ (“Everyone a Leader”) и вклучува:

— Профили на глобални улоги, (вклучително и профили специфични за одоговорности поврзани со квалитет на ревизија);

— Библиотека на цели, (вклучувајќи содржини поврзани со квалитет на ревизија); и

— Стандардизирани форми за преглед (со обезбедување на оценки за квалитет на ревизија).

Open Performance Development е поврзан со Вредностите на КПМГ и е дизајниран да го артикулира она што е потребно за успех – и индивидуално и колективно. Ние знаеме дека со тоа што сме јасни и доследни во однесувањето што го бараме и со наградување на оние кои го демонстрираат тоа, ние ќе продолжиме да поттикнуваме постојан фокус на квалитет на ревизија.

Во исто време, КПМГ поттикнува прилагодување во нашата култура базирана на перформанси, поддржана и засилена со водечка технологија која ни овозможува да вградиме квалитет на ревизија во проценката на перформансите и одлуките околу наградите, како и да поттикнеме конзистентност низ глобалната организација.

Исто така, се бара да се оценуваат партнерите и одредени професионалци според параметри за клучните показатели за квалитет и усогласеност. КПМГ РЕВИЗИЈА ги зема во предвид параметрите за квалитет и усогласеност при проценка на целокупната евалуација, унапредување и надомест на партнерите, директорите и менаџерите. Овие евалуации се спроведуваат од страна на менаџери и партнери за перформанси кои се во позиција да вршат оценка на перформанси.

Привлекување, задржување и развој на талентирани поединци се на самиот врв на нашата агенда поврзана со луѓето и се клучни за фирмите на КПМГ да бидат магнет за таленти. Фирмата посветува значително време, пари и други ресурси за изградба на професионална способност, лидерски и бизнис вештини и техничка експертиза.

Сите наши луѓе се охрабруваат да размислуваат за својата кариера и потребите за личен развој преку редовни разговори за нивната успешност со повратни информации и поддршка. За поддршка на кариерата и професионалниот развој постојат голем број на програми за основни вештини кои опфаќаат вештини и поведенија кои обезбедуваат подобрување на ефикасноста и осигуруваат дека луѓето ќе го достигнат својот целосен потенцијал. Нашата рамка за учење и развој се фокусира на искуства кои се критични и кои претставуваат предизвик, а можностите за учење се обезбедени преку комбинација на формално учење за развој на клучни технички, лидерски и деловни вештини; социјално учење или учење преку други; и преку нивниот ангажман и проектна работа. Јасниот фокус на високи перформанси и редовни повратни информации помага на нашата фирма да идентификува поединци со високи перформанси кои имаат потенцијал да преземат поодговорни или посложени улоги.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Асоцијација со вистинските клиенти и ангажмани

Ригорозни глобални политики за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани се од витално значење за да можат да обезбедат високо квалитетни професионални услуги.

## 5.1 Следење на политиките за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани

Политиките и процесите на КПМГ за прифаќање и продолжување на соработка со клиенти и ангажмани се дизајнирани да ги идентификуваат и проценат потенцијалните ризици пред прифаќање или продолжување на односот со клиентот или извршување на специфичен ангажман.

Фирмите-членки на КПМГ мораат да проценат дали да се прифати или продолжи соработката со клиентот, или да се изврши одреден ангажман. Кога одлуката за прифаќање (или продолжување) на клиент/ангажман вклучува значителен ризик, потребни се дополнителни одобренија.

## 5.2 Прифаќање на соодветни клиенти и ангажмани

### 5.2.1 Евалуација на клиенти

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО спроведува евалуација на секој потенцијален клиент.

Ова вклучува добивање на доволно информации за потенцијалниот клиент, неговиот клучен менаџмент и значајни вистински сопственици, а потоа и правилно анализирање на информациите за да може да се донесе информирана одлука за прифаќање. Оваа евалуација вклучува проценка на профилот на ризик на клиентот и обезбедување на основни информации за клиентот, неговиот клучен менаџмент, директори и сопственици. Доколку е потребно, ние обезбедуваме дополнителни информации потребни за задоволување на нашите локални законски и регулаторни барања.

### 5.2.2 Евалуација на ангажмани

Секој потенцијален ангажман исто така се оценува за да се идентификуваат потенцијалните ризици поврзани со ангажманот. Како дел од оваа оценка се земаат во предвид повеќе фактори, вклучувајќи ги и потенцијалните прашања за независност и конфликт на интереси (со користење Sentinel™ глобален систем за проверка на конфликти и независност на КПМГ), намената и употребата на извештаите од ангажманот, перцепцијата на јавноста, дали услугите би биле неетички или неконзистентни со нашите Вредности, како и голем број на фактори специфични за видот на ангажманот. За ревизорските услуги тие ја вклучуваат компетентноста на финансискиот менаџерски тим на клиентот и вештините и искуството на професионалците на КПМГ. Евалуацијата се врши во консултација со останати поискусни професионалци во КПМГ РЕВИЗИЈА и вклучува проверка од страна на раководството за квалитет и управување со ризик, каде што е потребно.

Онаму каде ревизорските услуги треба да бидат обезбедени за прв пат, потенцијалниот ангажиран тим треба да спроведе дополнителни процедури за оценка на независност, вклучувајќи и преглед на сите неревизорски услуги за клиентот, како и други релевантни деловни, финансиски и лични односи.

Слични проценки за независност се вршат кога постоечки клиент за ревизија станува правно лице од јавен интерес или кога се применуваат дополнителни ограничувања за независност по промена на околностите на клиентот.

Во зависност од вкупната оценка за ризик од потенцијалниот клиент и ангажман, можат да се воведат дополнителни заштитни мерки за да се намалат идентификуваните ризици. Сите потенцијални прашања за независност или конфликт на интереси е потребно да се документираат и се решаваат пред прифаќањето на ангажманот.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Асоцијација со вистинските клиенти и ангажмани

Потенцијален клиент или ангажман ќе биде одбиен доколку некое потенцијално прашање за независност или конфликт не може да се реши на задоволителен начин во согласност со професионалните стандарди и нашите политики, или ако постојат други прашања на квалитет и ризик кои не можат соодветно да се намалат.

### 5.2.3 Процес на продолжување

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО спроведува годишна ре-евалуација на сите свои ревизорски клиенти. Ре-евалуацијата ги идентификува сите прашања во врска со континуираната поврзаност и сите постапки кои треба да се превземат за адресирање на ризиците (ова може да вклучува назначување на дополнителни професионалци, како што е Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот (Engagement Quality Control Reviewer – EQCR) или потребата да се вклучат дополнителни специјалисти во ревизијата.

Повторливите или долготрајните неревизорски ангажмани се исто така предмет на ре-евалуација.

Дополнително, клиентите и ангажманите треба да се ре-евалуираат ако постои индикација дека може да има промена на нивниот профил на ризичност и како дел од континуираниот процес за проценка на независноста, од тимовите на ангажмани се бара да утврдат дали имало некакви измени во претходно утврдените закани и дали има нови закани по независноста. Заканите потоа се проценуваат и, доколку не се на прифатливо ниво, се елиминираат или се применуваат соодветни заштитни мерки за да се намалат заканите до прифатливо ниво.

### 5.2.4 Процес на повлекување

Онаму каде што КПМГ ДОО доаѓа до прелиминарен заклучок кој укажува дека треба да се повлечеме од ангажманот или од клиентот, ние интерно се консултираме и ги идентификуваме сите потребни правни, професионални и регулаторни одговорности. Ние исто така комуницираме, доколку е потребно, со оние кои се одговорни за управувањето и било кој друг соодветен орган.

## 5.3 Управување со портфолио на клиенти

Раководството на КПМГ РЕВИЗИЈА за секој ангажман назначува Партнери на ангажмани кои имаат соодветна надлежност, способности, време и овластувања да ја вршат нивната улога.

Тие го разгледуваат портфолиото на клиенти на секој Партнер на ревизија во поединечни дискусии со Партнерот на ревизија. Прегледите ја земаат во предвид индустријата, природата и ризикот на портфолиото на клиенти како целина, заедно со компетентноста, способностите и капацитетот на Партнерот и поширокиот тим да обезбеди квалитетна ревизија за секој клиент.

Портфолиото на клиенти на секој Партнер редовно се прегледува од страна на Раководителот на ревизија за да осигура дека тие имаат доволно време да управуваат со портфолиото и да осигура дека има соодветно управување со ризиците.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Запазување на независност и етика

Независноста на ревизорот е камен-темелник на меѓународните професионални стандарди и регулаторни барања.

## 6.1 Постапуваме со интегритет и ги живееме нашите вредности

Деталните политики и процедури за независност на КПМГ Интернешнл, го вклучуваат Кодексот на етика на IESBA (International Code of Ethics for Professional Accountants). Тие се утврдени во Глобалниот прирачник на КПМГ за квалитет и управување со ризик - GQRMM, кој важи за сите фирми на КПМГ. Автоматските алатки кои треба да се користат за секој потенцијален ангажман за да се идентификуваат потенцијалните проблеми со независност и проблеми со судир на интереси, го олеснуваат усогласувањето со овие барања.

Овие политики се надополнети со други политики и процеси за да се обезбеди усогласеност со стандардите поставени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (СУНР) и со стандардите на други важечки регулаторни тела. Овие политики и процеси покриваат области како што се независност на друштвото (ги опфаќа, на пример одделите за финансии и набавки), лична независност, финансиски односи на друштвото, односи по завршување на вработување, ротација на партнери и одобрување на ревизорски и неревизорски услуги.

Одговорниот партнер на Глобалната група за независност, кој е поддржан од тим на специјалисти за да се осигура дека во фирмите на КПМГ се применуваат обемни и конзистентни политики и процедури за независност и дека им се достапни алатки за да им помогнат на фирмите и нивните вработени да се усогласат со овие барања.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО има одредено Партнер за етика и независност, кој има примарна одговорност за насочување и спроведување на политики и процедури за етика и независност во КПМГ РЕВИЗИЈА. Партнерот за етика и независност е одговорен за комуникација и спроведување на политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл и осигурување дека локалните политики и процедури за независност се воспоставени и ефективно спроведени во случај кога тие се построги од барањата на КПМГ Интернешнл. Партнерот за етика и независност ја исполнува оваа одговорност преку:

— спроведување/следење на процесот и структурата на контрола на квалитет поврзани со етиката и независност во рамки на фирмата;

— одобрување/назначување на партнери одговорни за етика и независност во рамки на фирмата;

— надгледување на процесите поврзани со проценката на специфичните закани по независност во врска со клиентите и потенцијалните клиенти;

— учество во развој и испорака на материјали за обука;

— имплементирање на процедури за решавање на неусогласеноста; и

— надгледување на дисциплинскиот процес за прашања од етика и независност.

Измените и дополнувањата на политиките за етика и независност на КПМГ Интернешнл се вклучени во редовните комуникации за квалитет и ризик со сите фирми на КПМГ. Од фирмите на КПМГ се бара да ги имплементираат измените согласно комуникациите, а тоа се проверува преку интерни програми за следење опишани во делот 10.1.2 Внатрешен мониторинг и програми за усогласеност.

Од партнерите и вработените во КПМГ РЕВИЗИЈА се бара да се консултираат со Партнерот за етика и независност за одредени прашања како што е дефинирано во Глобалниот прирачник за квалитет и управување со ризик - GQRMM. Во зависност од фактите и околностите, од Партнерот за етика и независност исто така може да се побара да се консултира со Глобалната група за независност.

## 6.2 Одржување на објективен, независен и етички начин на размислување, во согласност со нашиот кодекс на однесување и политики

### 6.2.1 Лична финансиска независност

Политиките на КПМГ Интернешнл бараат фирмите на КПМГ и професионалците на КПМГ да немаат забранети финансиски интереси и забранети финансиски односи со клиентите на уверување и ревизија на фирмите на КПМГ (по дефиниција, “клиент на ревизија” ги вклучува и неговите поврзани субјекти и придружени компании), нивното раководство, директорите и каде што е потребно, значајни сопственици.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Запазување на независност и етика

На сите партнери на КПМГ, без оглед на нивната фирма или функција, генерално им се забранува да поседуваат хартии од вредност на секој клиент на ревизија на секоја фирма на КПМГ.

Фирмите на КПМГ користат веб-базиран систем за усогласување со независност (KICS) за да им помогне на професионалците во КПМГ во усогласувањето со политиките за лична независност при инвестиции. Овој систем содржи список на јавно достапни инвестиции и обезбедува механизам за следење за да можат потребните корисници да пријавуваат преземања и ослободувања на нивните финансиски интереси. Системот го олеснува следењето со идентификување и пријавување на недозволени инвестиции и други активности што не се во согласност (т.е. задоцнето известување за преземање на инвестиција).

Од сите партнери и вработени од менаџерско ниво или нагоре кои контактираат со клиенти, се бара да го користат KICS системот пред да влезат во инвестиција за да се утврди дали е дозволено да го сторат тоа. Од нив исто така се бара да водат евиденција за сите нивни инвестиции во ентитети кои котираат на берза во KICS системот, кој автоматски ги известува доколку било која инвестиција последователно стане забранета. Новата забранета инвестиција треба да биде отстранета во рок од пет работни дена од денот на известувањето. КПМГ ја следи усогласеноста на партнерите и менаџерите со ова барање како дел од нашата програма за ревизии на усогласеност со независноста на професионалците. Глобалната група за независност дава насоки и потребни процедури во врска со ревизијата и инспекцијата од страна на фирмите-членки на КПМГ за лична усогласеност со политиките за независност на КПМГ. Ова вклучува критериуми за избор на примерок, вклучувајќи минимален број на професионалци што треба да бидат ревидирани на годишно ниво.

### 6.2.2 Работни односи

Секој професионалец во КПМГ РЕВИЗИЈА кој обезбедува услуги за клиент на ревизија без разлика на функцијата, потребно е да го извести Партнерот за етика и независност на фирмата ако тој има намера да стапи во преговори за вработување со клиентот на ревизија. За партнерите, ова барање се проширува на било кој клиент на ревизија на било која фирма на КПМГ кој е правно лице од јавен интерес.

На поранешните членови на ревизорскиот тим или поранешните партнери на КПМГ РЕВИЗИЈА им е забрането да се приклучат на клиентот на ревизија на одредени позиции, освен ако тие не се ослободиле од сите значајни врски со КПМГ РЕВИЗИЈА, вклучително плаќања кои не се фиксни, однапред утврдени и/или кои би биле материјални за КПМГ РЕВИЗИЈА, и престанале да учествуваат во работењето и професионалните активности на КПМГ РЕВИЗИЈА.

Главните партнери на ревизија и членовите на синџирот на одлучување за клиент на ревизија кој е правно лице од јавен интерес, се предмет на ограничувања на времето (во понатамошниот текст како периоди на “оладување”), кои ги спречуваат да се приклучат на клиентот на одредени позиции откако не помине одреден временски период.

Од членот на тимот за уверување исто така се бара да го извести Партнерот за етика и независност кога ќе започне преговори за вработување со клиентот за уверување во текот на ангажманот. Поранешни членови на тимот за уверување или поранешни партнери на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО кои се приклучуваат на клиент за уверување во одредени улоги не можат да продолжат да учествуваат во деловните или професионалните активности на КПМГ РЕВИЗИЈА.

Ние ги комуницираме и ги следиме барањата во однос на вработување и партнерство на професионалци на КПМГ РЕВИЗИЈА од страна на клиенти на ревизија и уверување.

### 6.2.3 Финансиска независност на Друштвото

Фирмите на КПМГ, исто така треба да бидат ослободени од забранети интереси и забранети релации со клиентите за ревизија, нивното раководство, директори и каде што е потребно, значајни сопственици.

Заедно со другите фирми на КПМГ, КПМГ РЕВИЗИЈА го користи системот KICS за да ги евидентира своите директни и материјални индиректни инвестиции во друштва и фондови кои котираат на берза (или слични инвестициски механизми), како и во друштва и фондови кои не котираат на берза. Ова вклучува инвестиции во поврзани пензиски планови и планови за користи на вработените.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Запазување на независност и етика

Покрај тоа, од КПМГ РЕВИЗИЈА се бара да ги евидентира во KICS сите заеми и односи на капитално финансирање, како и старателски, доверенички и брокерски сметки, каде што се чуваат средствата на фирмата-членка.

На годишна основа, КПМГ РЕВИЗИЈА потврдува усогласеност со барањата за независност, како дел од Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик.

### 6.2.4 Деловни односи/добавувачи

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО има политики и процедури кои се дизајнирани за да се осигура дека неговите бизнис односи со клиенти на ревизија и уверување се одржуваат во согласност со Кодексот на Етика на IESBA, барањата на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија и други важечки барања за независност, како што се оние објавени од страна на Комисијата за хартии од вредност на САД.

Тие вклучуваат воспоставување и одржување на процесот за проценка на потенцијалните договори со трети страни (на пример деловни сојузи и заеднички работни аранжмани, односи при набавки и маркетинг и активности во јавен домен), со посебно внимание на тоа дали тие имаат влијание врз независноста на ревизорот.

Сите потенцијални деловни односи се проценуваат за да се оценат ризиците од здружувањето и да се идентификуваат потенцијалните прашања за независност на ревизорот и конфликти на интереси. Односот кој вклучува трета страна која е давател на услуги, а која фирмата-членка ќе ја користи за помош при ангажманите со клиентот или за други цели исто така ќе се проценува за да се утврди дали третата страна е компетентна да ги обезбеди тие услуги. Од поединците кои ги обезбедуваат услугите се бара да потврдат дека тие ги разбираат и ќе бидат во согласност со важечките барања за етика и независност, и од нив исто така се бара да посетат обука за етика. Од  трети страни кои обезбедуваат услуги на ангажмани за клиенти за ревизија или уверување, се бара да завршат обука за независност.

### 6.2.5 Деловни преземања, пристапувања и инвестиции

Ако КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО е во процес на разгледување на преземање или инвестирање во бизнис, се бара да изврши задоволителни процедури на длабинска анализа на бизнисот предмет на потенцијално преземање или инвестирање, со цел идентификување и решавање на било кои потенцијални проблеми на независност и управување со ризик пред склучувањето на зделката. Потребни се  посебни консултации со Глобалната група за независност и Глобалната група за квалитет и управување со ризик за да се овозможи решавање на прашања на независност и други прашања при интегрирање на бизнисот во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО и поширокота глобална организација.

### 6.2.6 Процес на одобрување на независност

Покрај стандардната евалуација за прифаќање извршена за секој ангажман, која вклучува евалуација за независност, КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО следи специфични постапки за да се идентификуваат и да се оценат заканите по независноста во врска со потенцијалните клиенти за ревизија кои се правни лица од јавен интерес; овие постапки, исто така познати како “процес на одобрување за независност”, треба да се завршат пред да се прифати ангажманот за ревизија на овие субјекти.

Алатката “KPMG Independence Checkpoint” се користи за да се автоматизираат и стандардизираат сите работни процеси кои го сочинуваат процесот на одобрување на независност. Алатката беше развиена во очекување на зголемување на бројот на тендери за ревизија и одобрувања за независност кои треба да бидат спроведени, како резултат на задолжителната ротација на фирмата за законските ревизии.

### 6.2.7 Обука и изјави за независност

Сите партнери и професионалци на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО кои обезбедуваат услуги на клиенти, како и одредени други поединци, треба да завршат обука за независност која е соодветна на нивниот степен и функција при пристапување во КПМГ РЕВИЗИЈА, а потоа еднаш годишно.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Запазување на независност и етика

Од новите партнери и вработени од кои се бара да ја посетат оваа обука, се бара да го сторат тоа во пократок рок од (а) триесет дена по вработувањето во КПМГ РЕВИЗИЈА или (б) пред да обезбедат било какви услуги или да станат членови на синџирот на одлучување на ревизијата на било кој клиент.

Ние исто така на сите партнери и вработени им обезбедуваме обука за:

— Глобалниот кодекс на однесување

— поткуп и корупција и усогласеност со законите, регулативите и професионалните стандарди

Од новите партнери и вработени се бара да ја завршат оваа обука во рок од три месеци од пристапувањето во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО.

Од сите партнери и вработени во КПМГ се бара, при пристапувањето во КПМГ РЕВИЗИЈА и потоа, да потпишат годишна изјава каде наведуваат дека тие останале во согласност со важечките политики за етика и независност.

## 6.2.8 Неревизорски услуги

Од сите фирми на КПМГ се бара, како минимум, да бидат усогласени со Кодексот на Етика на IESBA и важечките закони и прописи, кои се однесуваат на обемот на услуги кои можат да се обезбедат на клиенти за ревизија.

Во дополнение на идентификувањето на потенцијални конфликти на интереси, Sentinel™, го олеснува усогласувањето со барањата за независност. Одредени информации за сите идни ангажмани, вклучително детални описи на услуги, извештаи и проценети надоместоци, треба да се внесат во Sentinel™ како дел од процесот на прифаќање на ангажманот. Кога ангажманот е за клиент на ревизија, при внесувањето во Sentinel™, исто така потребно е да се влучи и евалуација на потенцијални закани по независност и заштитни мерки.

Од водечките партнери на ревизорскиот ангажман се бара да водат структури на групата за нивните јавно тргувани и одредени други ревизорски клиенти, вклучително нивни поврзани субјекти и придружени компании во Sentinel™. Тие исто така се одговорни за идентификување и проценка на сите закани за независност кои можат да произлезат од обезбедувањето на предложените неревизорски услуги како и достапните заштитни мерки за решавање на овие закани. За субјектите за кои се одржуваат структури на групата, Sentinel™ им овозможува на водечките партнери на ревизорскиот ангажман да прегледаат и да побараат промена, одобрат или одбијат било каква предложена услуга за тие субјекти ширум светот. За одобрени предложени услуги, Sentinel назначува временска рамка за чие време одобрувањето останува валидно. По истекот на утврдената временска рамка, услугите треба да бидат завршени или да бидат повторно оценети за одобрување; во спротивно, се бара услугите да бидат изземени.

Од КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО се бара да се воспостави и одржува процес за разгледување и одобрување на сите нови и изменети услуги кои се развиени од страна на КПМГ РЕВИЗИЈА . Партнерот за етика и независност на КПМГ РЕВИЗИЈА е вклучен во прегледот на потенцијални прашања за независност поврзани со овие нови или изменети услуги.

Глобалните политики за независност на КПМГ им забрануваат на партнерите на ревизија на фирмите на КПМГ да бидат оценувани или наградувани врз основа на нивниот успех во продажба на неревизорски услуги на нивните клиенти за ревизија.

## 6.2.9 Зависност на надоместокот

Политиките на КПМГ Интернешнл признаваат дека закани од личен интерес или заплашување можат да се појават кога вкупниот надомест од клиентот за ревизија претставува голем дел од вкупните надоместоци на фирмата на КПМГ која го дава ревизорското мнение. Овие правила бараат од фирмите да се консултираат со нивниот Регионален лидер за Квалитет и управување со ризик каде се очекува вкупните надоместоци од клиент на ревизија да надминат 10% од годишните приходи од надоместоци на фирмата-членка за две последователни години. Покрај тоа, ако вкупните надоместоци од клиент за ревизија, кој е правно лице од јавен интерес и од неговите поврзани субјекти, претставуваат повеќе од 10 % од вкупните надоместоци на одредена фирма-членка во текот на две последователни години, овие политики понатаму бараат:

— Тоа да биде обелоденето на оние кои се задолжени за управување на клиентот за ревизија; и



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Запазување на независност и етика

— Партнер од друга фирма-членка на КПМГ да биде назначен за Проверувач на контрола на квалитет на ангажманот.

Во текот на последните две години, нема клиент за ревизија чиј надоместок изнесува повеќе од 10% од вкупните надоместоци примени од страна на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО.

### 6.2.10 Решавање на конфликт на интереси

Конфликти на интереси може да се појават во ситуации кога партнери и вработени на КПМГ РЕВИЗИЈА имаат лична поврзаност со клиентот, која може да ја попречи или да се смета дека ќе ја попречи нивната способност да останат објективни, или кога тие лично имаат доверлива информација која се однесува на друга страна во зделката. Во вакви ситуации, потребни се консултации со Партнерот за управување со ризик и Партнерот за етика и независност.

Исто така, воспоставени се политики на КПМГ Интернешнл за да им се забрани на вработените на КПМГ да нудат или прифаќаат стимулирања, вклучително подароци и гостопримство на или од клиенти на ревизија, освен ако вредноста е тривијална и незначителна, не е забранета со релевантен закон или регулатива и не се смета дека е понудена со намера неправилно да влијае на однесувањето  на примателот или што би довело до сомнеж за интегритетот, независноста, објективноста или расудувањето на поединецот или фирмата-членка.

Сите фирми на КПМГ и вработените се одговорни за идентификување и управување со конфликти на интереси, кои претставуваат околности или ситуации кои имаат, или може да бидат сфатени дека имаат влијание врз фирмата и/или нејзините партнери или вработени во нивната способност да бидат објективни и да дејствуваат без пристрасност.

Секое прашање на потенцијален конфликт кое допира важни принципиелни точки, се доставува на решавање до нашиот Партнер за управување со ризик; во случаи на потешкотија, може да се свика панел на партнери за да се реши такво прашање.

Сите фирми на КПМГ треба да користат Sentinel ™ за идентификација на потенцијални конфликти, така што тие ќе можат да бидат решени во согласност со законските и професионалните барања.

КПМГ РЕВИЗИЈА  има ресурси за управување со ризици кои се одговорни за разгледување на секаков идентификуван потенцијален конфликт и работење со засегнатите фирми-членки за решавање на конфликтот, чиј исход треба да биде документиран.

Постапки на ескалација и решавање на спор постојат за ситуации каде што не може да се постигне договор како да се реши конфликтот. Ако потенцијалното конфликтно прашање не може да се реши, ангажманот се одбива или прекинува.

### 6.2.11 Нарушување на независност

Од сите вработени во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО се бара да известат за нарушување на независност до Партнерот за етика и независност веднаш штом ќе станат свесни за тоа. Во случај на неисполнување на нашите политики за независност, без разлика дали е идентификувано во прегледот за усогласеност, пријавено од самото лице или на друг начин, професионалците се предмет на дисциплинска политика за независност. Сите прекршувања на барањата за независност на Кодексот на IESBA или други надворешни барања за независност треба да бидат пријавени на оние што се одговорни за управување што е можно поскоро, освен кога со одговорните за управување, е договорено алтернативно време за помалку значајни прекршувања.

КПМГ РЕВИЗИЈА има документирана и комуницирана дисциплинска политика во однос на нарушување на политиките на независност, вклучувајќи соодветни санкции, кои ја одразуваат сериозноста на нарушувањата.

Повисокото раководство на КПМГ РЕВИЗИЈА ги надгледува политиките и процедурите во врска со етичките прашања и прекршување на барањата.

Прашањата кои произлегуваат се земаат во предвид во нашите одлуки за унапредување и наградување, а во случај на лидери и менаџери на ангажмани, се рефлектираат во нивните индивидуални параметри во поглед на квалитет и ризик.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Запазување на независност и етика

## 6.2.12 Ротација на партнер и фирма

***Ротација на партнер***

Политиките за ротација на партнер на КПМГ Интернешнл се во согласност со барањата на Кодексот на етика на IESBA и потребно е сите фирми-членки да се усогласат со било кои построги локални важечки барања за ротација.

Партнерите во КПМГ РЕВИЗИЈА се предмет на периодична ротација на нивните одговорности за клиентите на ревизија согласно важечките закони, прописи, правила за независност и политиката на КПМГ Интернешнл. Овие барања го ограничуваат бројот на последователни години во кои партнерите во одредена улога може да обезбедат услуги на клиентот на ревизија, по што следи период на “одмор” во кој овие партнери не може да:

- учествуваат во ревизијата,
- да вршат контрола на квалитет на ревизијата,
- да се консултираат со тимот на ангажманот или со клиентот во врска со технички или прашања специфични за индустријата,
- на кој било начин влијаат на исходот на ревизијата,
- го надгледуваат односот на фирмата со клиентот за ревизија, или
- имаат некаква друга значајна или честа интеракција со повисокиот менаџмент или оние кои се одговорни за управување со клиентот

КПМГ РЕВИЗИЈА ја следи ротацијата на лидери на ревизорски ангажмани (како што се партнерот на ангажман, проверувачот на контрола на квалитет на ангажманот, и секоја друга клучна улога на партнерот на ревизија и, кога има услов за ротација) и подготвува планови за транзиција за да се овозможи прераспределба на партнерите со потребна компетентност и способност да испорача постојан квалитет на услуги на клиентите.

## 6.3 Нулта толеранција за поткуп и корупција

Усогласеноста со закони, регулативи и стандарди е клучен аспект за сите во КПМГ РЕВИЗИЈА. Ние имаме нула толеранција за поткуп и корупција.

Ние забрануваме инволвираност во било каков вид на поткуп - дури и ако таквото однесување е законско или дозволено според важечките закони или локалната практика. Ние исто така, не толерираме поткуп од страна на трети страни, вклучително и од страна на нашите клиенти, добавувачи или јавни службеници. КПМГ Интернешнл бара од фирмите на КПМГ да имаат соодветни внатрешни контроли за да се намали ризикот од вмешаност во поткуп од страна на фирмата и нејзините партнери и вработени.

Од партнерите и вработените во секоја фирма на КПМГ се бара да поминат обука која опфаќа усогласеност со законите, регулативите и професионалните стандарди кои се однесуваат на спречување на поткуп и корупција, вклучително и пријавување на сомнителна или фактичка неусогласеност.

Дополнителни информации за политиките на КПМГ Интернешнл за спречување на поткуп и корупција може да се најде на веб страната за спречување на поткуп и корупција.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Извршување на квалитетни ангажмани

Како се спроведува ревизијата е исто толку важно како и резултатот. Од партнерите и вработените во КПМГ РЕВИЗИЈА се очекува да покажат одредени клучни поведенија и да следат одредени политики и процедури во извршувањето на ефективни и ефикасни ревизии.

## 7.1 Консултација каде што е потребно

### 7.1.1 Поттикнување на култура на консултација

КПМГ поттикнува силна култура на консултации која ги поддржува тимовите на ангажмани во фирмите на КПМГ во текот на нивните процеси на донесување одлуки и е основен фактор за квалитетот на ревизијата. КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО промовира култура во која консултацијата се  признава како силна страна и која ги охрабрува професионалците на КПМГ да се консултираат за тешки или спорни прашања.

За да се помогне во ова, од фирмите се бара да имаат воспоставени протоколи за консултација и документација на значајните сметководствени и ревизорски прашања, вклучувајќи и процедури за олеснување на решавањето на разликите во мислењето за прашања поврзани со ангажманот. Покрај тоа, Глобалниот прирачник за управување со квалитет и ризик на КПМГ вклучува барања за задолжителна консултација за одредени прашања.

### 7.1.2 Техничка консултација и глобални ресурси

Во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО, улогата на Одделот за професионална пракса (ОПП) е од клучно значење во однос на поддршката што ја дава на Одделот за ревизија. Тој обезбедува технички упатства на професионалците за прашања поврзани со специфичен ангажман, развива и дистрибуира упатства поврзани со одредени теми за развој на локални технички и професионални прашања и дистрибуира меѓународни упатства за МСФИ стандардите и МСР.

Консултација со член на тимот на повисоко ниво на одговорност од двете страни со различно мислење, вообичаено ги решава таквите разлики. Во други околности, прашањето може да се издигне преку синџирот на одговорност за решавање од страна на  технички експерти. Во исклучителни околности, предметот може да се упати до Раководителот на Ревизија, Раководителот на ОПП, Раководителот на одделот за  Квалитет и Ризик (или соодветно национално квалификувани делегати) или конечно на националниот постар партнер (или соодветно национално квалификувани делегати) или крајно до националниот постар партнер.

Техничка поддршка за сметководство и ревизија е на располагање на фирмите-членки преку Глобалната група за методологија за ревизија, Глобалната група за решенија на КПМГ, Групата за меѓународни стандарди  и Групата за стандарди на PCAOB.

#### *Глобална група за методологија за ревизија - GAMG*

Методологијата за ревизија на КПМГ е развиена и одржувана од Глобалната група за методологија за ревизија (GAMG). GAMG ја развива нашата методологија за ревизија заснована на барањата на применливите стандарди за ревизија - Меѓународни стандарди за ревизија, PCAOB и AICPA.

#### *Глобална група за решенија на КПМГ - KGSG*

KGSG е одговорен за предвидување, развој и распоредување на глобални решенија за ревизија, вклучувајќи иновации во технологија и автоматизација.

KGSG и GAMG соработуваат за поддршка на фирмите-членки преку соработка, иновации и технологија. Направивме значителни инвестиции во нашата методологија и алатки за ревизија со основен фокус на подобрување на глобалната конзистентност и стандардизација на квалитетот на ревизијата.

Со локации, во секој од трите региони на КПМГ (Americas - Северна и Јужна Америка; EMA - Европа, Среден Исток и Африка; and ASPAC, Азија и Пацифичко подрачје), тимовите на KGSG и GAMG вклучуваат професионалци со искуство во ревизија, ИТ, работа со податоци, математика, статистика и многу повеќе, кои донесуваат различни искуства и иновативни начини на размислување за понатамошно развивање на ревизорските способности на КПМГ.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Извршување на квалитетни ангажмани

***Група за меѓународни стандарди - ГМС (International Standards Group - ISG)***

ГМС соработува со глобалните МСФИ тематски тимови со географска застапеност од целиот свет и со МСФИ Панелот и МСР Панелот, за да се промовира конзистентност во толкувањето на МСФИ стандардите и барањата на ревизија меѓу фирмите членки, да се идентификуваат новите прашања и навремено да се развијат глобални насоки.

***Група за РСАОВ стандарди (PSG)***

Групата за РСАОВ стандарди (PSG) се состои од посветена група на професионалци со искуство во стандардите за ревизија на РСАОВ кои промовираат конзистентност во толкување на стандардите за ревизија на РСАОВ во ревизиите на фирмите на КПМГ на не-американски подружници на американски компании и на странски приватни издавачи на хартии од вредност и не-американски подружници на компании кои се регистрирани во Комисијата за хартии од вредност на САД (SEC), како што е дефинирано со прописите на SEC. PSG исто така обезбедува придонес во развојот на обука за ревизори кои работат на РСАОВ ангажмани за ревизија и, каде што е можно, го помага спроведувањето на таквата обука

Ресурси за професионална практика на фирмите-членки

Фирмите-членки обезбедуваат консултативна поддршка за ревизорски и технички сметководствени прашања на нивните професионалци во ревизија преку ресурсите за професионална пракса (Оддел за професионална пракса - ОПП или Department for Professional Practice - DPP). Овој ресурс, исто така им помага на тимовите на ангажмани кога постојат разлики во мислењето или во рамките на тимовите или со Проверувачот на контрола на квалитет. Се бара по нерешените разлики да следи пропишан протокол за ескалација за конечно решавање. Кога е потребно, ГМС на КПМГ и Групата за стандарди на РСАОВ се исто така достапни за консултативна поддршка.

## 7.2 Критичко оценување на ревизорските докази, користејќи професионално расудување и скептицизам

На сите ревизии на КПМГ, природата и обемот на ревизорските докази што ги собираме одговараат на проценетите ризици. Ги разгледуваме сите ревизорски докази добиени во текот на ревизијата, вклучувајќи контрадикторни или неконзистентни ревизорски докази. Од секој член на тимот се бара да практикува професионално расудување и да одржува професионален скептицизам во текот на ревизорските ангажмани. Професионалниот скептицизам вклучува испитувачки ум и претпазливост за контрадикторни или недоследности во ревизорските докази. Професионалното расудување ја опфаќа потребата да се биде свесен и претпазлив за предрасудите кои можат да претставуваат закана за добрите расудувања.

## 7.3 Насочување, обучување, надгледување и прегледување

### 7.3.1 Вклучување на континуирано менторство, надзор и контрола

За да инвестираме во изградба на вештини и способности на професионалците на КПМГ, КПМГ РЕВИЗИЈА промовира средина на континуирано учење и поддржува култура на обука.

Активното менторство, тренинг и надзор за време на ревизија вклучува:

- Учество на партнерот на ангажманот во дискусиите на планирање;
- Следење на прогресот на ревизорскиот ангажман;
- Земање во предвид на компетентноста и способностите на индивидуалните членови на тимот на ангажманот, вклучувајќи и дали тие имаат доволно време да ја вршат својата работа, дали тие ги разбираат нивните инструкции и дали работата е извршена во согласност со планираниот пристап кон ангажманот;
- Помош на членовите на тимот на ангажманот при разгледување на значајни прашања кои произлегуваат за време на ревизијата и соодветно модифицирање на планираниот пристап;
- Идентификување на прашања за консултации со поискусните членови на тимот за време на ангажманот.

Клучен дел на ефективното менторство и надзор е навремен преглед на извршената работа, така што значајните прашања брзо се идентификувани, дискутирани и решени.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Извршување на квалитетни ангажмани

### 7.3.2 Ангажирање на на Проверувачи на контрола на квалитет на ангажманот (Проверувач на ККА)

Проверка на контрола на квалитет на ангажманот е важен дел од рамката за квалитет на КПМГ. Проверувач на ККА треба да биде назначен за ревизии, вклучувајќи ги и сите поврзани преглед(и) на периодичните финансиски информации, на сите ентитети кои котираат на берза, ентитети од висок јавен профил кои не котираат на берза, ангажмани кои бараат преглед на ККА според важечките закони или регулативи, ангажмани од висок ризик и други ангажмани одредени од страна на Партнерот за управување со ризик или Раководителот на ревизија во земјата.

Проверка на контрола на квалитет на ангажманот обезбедува разумно уверување дека тимот соодветно идентификувал значителни ризици, вклучително и ризици од измама и дизајнирал и спровел ревизорски процедури за нивно решавање.

Проверувачите на контрола на квалитет на ангажманот треба да исполнуваат критериуми за обука и искуство за да извршат преглед на контрола на квалитет за одреден ангажман. Проверувачите се независни од тимот на ангажман и клиентот на ревизија и имаат соодветно искуство и знаење за да извршат објективна проверка на покритичните одлуки и расудувања донесени од тимот на ангажман и соодветноста на финансиските извештаи.

Ревизијата е завршена само кога проверувачот на контрола на квалитет е убеден дека сите поставени значајни прашања се решени, иако партнерот на ангажманот е крајно одговорен за решавање на прашањата поврзани со сметководство и ревизија.

Ние континуирано се стремиме да ја зајакнеме и подобриме улогата која проверувачот на ККА ја има во ревизиите на фирмите-членки и превземаме бројни активности за зајакнување на ова, вклучително и издавање најдобри практични упатства, инкорпорирање на специфични барања за проверка во нашиот процес на ревизија и развој на политики поврзани со признавање, номинирање и развој на проверувачи на контрола на квалитет.

Во последните години беа превземени бројни активности за зајакнување, вклучително:

— Осигурување дека улогата која се врши од страна на проверувачите на ККА исто така се зема во предвид при вршење на процесот на контрола на портфолиото на партнерите за да се обезбеди адекватност на времето и соодветните вештини за улогата и прераспределба доколку е потребно; и

— Како дел од нашата Контрола на квалитет на работата, се врши оценка на работата извршена од страна на проверувачот на ККА и адекватноста на инволвираноста вклучувајќи дискусија со проверувачот на ККА.

## 7.4 Соодветно поткрепување и документирање на заклучоците

### 7.4.1 Известување

Стандардите за ревизија и Законот за ревизија во голема мера го диктираат форматот и содржината на извештајот на независниот ревизор кој вклучува мнение за објективното презентирање на финансиските извештаи на клиентот во сите материјални аспекти. Искусни партнери на ангажмани ги формираат сите ревизорски мненија врз основа на извршената ревизија.

При подготовката на извештаите на независниот ревизор, партнерите на ангажманот имаат пристап до обемни насоки за известување и техничка поддршка преку консултации со нашиот ОПП, особено во случаи каде што има значајни прашања кои треба да им бидат известени на корисниците на ревизорскиот извештај, (на пр. модификација на мислењето или преку вклучување на параграф со “обрнување на внимание” или параграф со “останати прашања”).

### 7.4.2 Документирање на ангажман

Ревизорската документација на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО е комплетирана и собрана според временскиот рок утврден со политиката на Друштвото и стандардите за ревизија и ние имаме имплементирано административни, технички и физички заштитни мерки за заштита на доверливоста и интегритетот на информациите за клиентот и фирмата.

КПМГ Интернешнл неодамна усвои политики кои треба да се применат на сите фирми на КПМГ за да се намали временскиот рок дозволен за комплетирање на ревизорска документација, кој е значително помал отколку што се бара со важечките стандарди за ревизија.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Процена на ризиците за квалитет

Преку Глобалниот совет за квалитет на ревизија (Global Audit Quality Council) и Глобалната група за управување со квалитет и ризик (Global Quality & Risk Management Steering Group), КПМГ Интернешнл ги контролира резултатите од програмите за следење на квалитетот, ги прегледува основните причини и планираните активности за корекција и доколку е потребно, развива дополнителни глобални активности.

Глобалните активности за корекција се насочени кон активности поврзани со културата и поведението низ глобалната организација и кон поттикнување на конзистентно извршување на тимовите на ангажмани во рамките на фирмите на КПМГ.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Ефективна комуникација

Ние разбираме дека уште еден важен придонес за одржување на квалитетот на ревизијата е да се добијат и да се дејствува по повратни информации добиени од клучните заинтересирани страни.

## 9.1 Обезбедување увид и одржување на отворена и искрена двонасочна комуникација

Во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО ја нагласуваме важноста на информираноста на одговорните за управување во врска со прашањата кои произлегуваат во текот на ревизијата преку упатства и ресурси за поддршка. Ние го постигнуваме ова преку комбинација од извештаи и презентации, присуство на состаноци на одборот за ревизија или на бордот, и кога е соодветно, тековни разговори со раководството и членовите на одборот за ревизија.

Улогата на одборите за ревизија е клучна во поддршката за квалитет на ревизија преку надзор на односот помеѓу компанијата и ревизорот и проследување на тоа што прават ревизорите и како го прават тоа.

## 9.2 Спроведување и следење на Глобална анкета на вработените (Global People Survey - GPS)

Само со ангажирани, талентирани луѓе КПМГ може да испорача ревизии во согласност со нашите очекувања за квалитет на ревизија.

Секоја година КПМГ РЕВИЗИЈА ги поканува вработените да учествуваат во Глобална анкета на вработените (Global People Survey - GPS), за да ја споделат нивната перцепција во врска со нивното искуство од работењето во КПМГ. Таа дава оценка за ангажираноста на нашите луѓе и увид во областите кои ја поттикнуваат ангажираноста. Резултатите може да се анализираат според неколку фактори, на пример по оддели или по географска област, ниво и пол, за да се обезбеди дополнителен фокус за акција. Преку анкетата, КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО обезбедува дополнителен увид за тоа како се справуваме со категории за кои знаеме дека влијаат врз ангажираноста. Ние исто така опфаќаме области од фокус кои се директно релевантни за квалитетот на ревизијата; истражувањето вклучува специфични прашања поврзани со квалитетот на ревизијата на кои одговараат сите лица кои учествувале во ревизија во претходните 12 месеци, што ни дава одреден сет на податоци за прашања поврзани со квалитетот на ревизијата.

Анкетата исто така им дава на раководството на КПМГ РЕВИЗИЈА и раководство на КПМГ Интернешнл резултати за поведенија поврзани со квалитет и ризик, квалитет на ревизијата, поддржување на Вредностите на КПМГ, ставовите на вработените и партнерите кон квалитетот, раководството и ставот на врвот.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО учествува во анкетата, ги следи резултатите и превзема соодветни активности за да ги комуницира и да одговори на наодите од анкетата. Резултатите од анкетата се сублимираат за целата глобална организација, се презентираат секоја година на Глобалниот Одбор и се договараат соодветни последователни активности.

Исто така, се врши анализа на резултатите од анкетата, специфични за ревизија, со посебен фокус на квалитетот на ревизијата. Резултатите и клучните теми се презентираат на Глобалната група за управување со ревизија на годишно ниво за разгледување на соодветни активности за корекција, доколку е потребно.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Мониторинг и активности за корекција

Интегрираните програми за мониторинг на квалитетот и усогласеноста им овозможуваат на фирмите на КПМГ да идентификуваат недостатоци во квалитетот, да вршат анализа на основните причини и да развиваат, имплементираат и известуваат корективни акциони планови, како во однос на поединечни ревизорски ангажмани, така и во однос на севкупниот систем за контрола на квалитет.

## 10.1 Ригорозно следење и мерење на квалитетот на локално и глобално ниво

### 10.1.1 Заложба за континуирано усовршување

КПМГ е посветен на постојано подобрување на квалитетот, конзистентноста и ефикасноста на ревизиите на фирмите на КПМГ. Програмите за мониторинг на квалитетот и усогласеност се глобално конзистенти во нивниот пристап низ сите фирми-членки, вклучувајќи ја природата и степенот на тестирање и известување. КПМГ РЕВИЗИЈА ги споредува резултатите на своите внатрешни програми за мониторинг со резултатите од програмите за надворешни проверки и превзема соодветни мерки.

### 10.1.2 Внатрешен мониторинг и програми за усогласеност

Програмите на КПМГ РЕВИЗИЈА за мониторинг се изготвени од страна на КПМГ Интернешнл и се применуваат во сите фирми на КПМГ. Програмите ги оценуваат:

- Спроведувањето на ангажманот во согласност со важечките стандарди, законски прописи и регулативи и клучните политики и процедури на КПМГ Интернешнл; и
- Усогласеноста на КПМГ РЕВИЗИЈА со политиките и процедурите на КПМГ Интернешнл и релевантноста, соодветноста и ефикасното функционирање на клучните политики и процедури за контрола на квалитет.

Нашата програма за внатрешен мониторинг исто така придонесува кон оценката дали нашиот систем за контрола на квалитет е соодветно дизајниран, ефективно имплементиран и дали ефективно функционира. Таа вклучува Програма за контрола на работата (QPR) и Програма за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик (RCP) кои се спроведуваат годишно во одделите за Ревизија, Даночни и Консултантски услуги

Резултатите и поуките од интегрираните програми за следење се комуницираат интерно и се преземаат соодветни активности на локално, регионално и глобално ниво.

***Преглед на квалитетот на работата на ревизија***

Програмата за преглед на квалитетот на работата на ревизијата го оценува извршувањето на ниво на ангажмании и идентификува можности за подобрување на квалитетот на ангажманите.

***Пристап заснован на ризик***

Секој лидер на ангажмани се контролира најмалку еднаш во три годишен циклус. За селекција на ангажмани се користи пристап заснован на ризик.

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО спроведува годишна програма на Преглед на квалитет на работата на ревизија, во согласност со инструкциите на КПМГ Интернешнл за Преглед на квалитет на работата на ревизија. Контролите се вршат на ниво на КПМГ РЕВИЗИЈА и се мониторираат на регионално и глобално ниво. Прегледите на квалитетот на работата на ревизијата на фирмата се надгледуваат од страна на постар искусен главен проверувач, независен од фирмата.

***Избор на проверувач, подготовка и процес***

Постојат обемни критериуми за избор на проверувачи. Тимовите за преглед вклучуваат постари искусни водечки проверувачи кои се независни од фирмата-членка каде се врши преглед.

Се обезбедува обука за тимовите за преглед и за останатите кои го надгледуваат процесот, со фокус на спорни прашања идентификувани од страна на регулаторите за надзор на ревизија и потребата да се биде исто толку ригорозен колку и надворешните проверувачи.

***Оценки од Преглед на квалитет на работата на ревизија***

Се користат конзистентни критериуми за да се утврди оценка на ангажманот и проценки на практиката за ревизија на фирмата-членка.

Избраните ревизорски ангажмани за преглед се оценуваат како “Задоволителен”,”Потребно е подобрување на извршувањето” или “Незадоволителен”.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Мониторинг и активности за корекција

***Известување***

Наодите од Прегледот на квалитет на работата на ревизија се доставуваат до професионалците на фирмите преку писмена комуникација, интерни алатки за обука, како и периодични состаноци на партнери, менаџери и вработени.

Овие области се исто така нагласени во последователните програми за контрола со цел да се измери степенот на континуирано подобрување.

Главните партнери за ревизорски ангажмани се известуваат за незадоволителен рејтинг на нивните прекугранични ангажмани. Покрај тоа, Главните партнери на глобалните клиенти за ревизија на матичните компании/главни седишта се известуваат кога подружница на нивниот групен клиент е предмет на ревизија од страна на фирма-членка каде што се идентификувани значајни прашања во однос на квалитетот во текот на прегледот на квалитетот на работата.

***Програма за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик***

КПМГ Интернешнл развива и спроведува политики и процеси за контрола на квалитет кои се применуваат кај сите фирми. Овие политики и процеси и процедурите поврзани со нив, ги вклучуваат и барањата од МСКК - 1. Во текот на годишниот преглед на усогласеноста, ние вршиме обемна програма за проценка која се состои од документирање на контролите и процедурите за квалитет, тестирање на усогласеност и известување за исклучоци, акциони планови и заклучоци.

Целите на Програмата за преглед на усогласеност со процедурите за управување со ризик се:

— Да се документира, оцени и следи обемот на усогласеноста на системот за контрола на квалитет на КПМГ РЕВИЗИЈА со Глобалните политики и клучните законски и регулаторни барања за квалитет и управување со ризик; и

— Да ја даде основата за КПМГ РЕВИЗИЈА да може да оцени дали фирмата и нејзините вработени се усогласени со релевантните професионални стандарди и важечките законски и регулаторни барања.

Кога се идентификувани недостатоци, од нас се бара да изготвиме соодветни акциони планови и да го следиме статусот на секоја поединечна активност.

***Глобална програма за прегледи на квалитет и усогласеност***

Секоја фирма на КПМГ е предмет на глобална програма за прегледи на квалитет и усогласеност спроведена од страна на тим за преглед на КПМГ Интернешнл, независен од фирмата-членка, во различни интервали врз основа на идентификувани критериуми за ризик.

Тимот на Глобалната програма за прегледи на квалитет и усогласеност кој го извршува прегледиот е независен од фирмата и е објективен и со познавање на Глобалните политики за квалитет и управување со ризик. Глобалните прегледи на квалитет и усогласеност ја оценуваат усогласеноста со избрани политики и процедури на КПМГ Интернешнл и ги споделуваат најдобрите практики меѓу фирмите-членки. Глобалните прегледи на квалитет и усогласеност обезбедува независна проценка на:

— Посветеноста на фирмата за квалитет и управување со ризик (ставот на врвот) и обемот во кој нејзината севкупна структура, управување и финансирање ја поддржува и зајакнува таа посветеност;

— Усогласеноста на фирмата со клучните политики и процедури на КПМГ; и

— Сеопфатноста со која фирмата-членка врши своја сопствена програма за усогласеност.

КПМГ РЕВИЗИЈА развива акциски планови за да одговори на сите наоди на глобалната програма за прегледи на квалитет и усогласеност кои укажуваат дека е потребно подобрување и ги усогласуваме со тимот на глобалната програма за прегледи на квалитет и усогласеност. Нашиот напредок според акцискиот план се следи од страна на централниот тим на Глобалната програма за прегледи на квалитет усогласеност. Резултатите се известуваат до Глобалната раководна група за квалитет и управување со ризик и кога е неопходно, до соодветното раководство на КПМГ Интернешнл и регионалното раководство.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Мониторинг и активности за корекција

### 10.1.3 Регионални лидери за квалитет и управување со ризик

Глобалниот Раководител за квалитет, ризик и регулатива назначува Регионални лидери за Квалитет и управување со ризик кои вршат редовен и постојан мониторинг и консултативна функција за да ја проценат ефективноста на напорите и процесите на фирмите-членки за идентификување, управување и известување за значајни ризици кои имаат потенцијал да му наштетат на брендот на КПМГ. Значајните активности на регионалните лидери за квалитет и управување со ризик, вклучувајќи ги идентификуваните проблеми на фирмите-членки и нивниот одговор/корекција, се пријавуваат до Глобалното раководство за квалитет и управување со ризик (GQ&RM).

## 10.2 Добивање, оценување и дејствување според повратните информации од заинтересирани страни

### 10.2.1 Регулатори

Како дел од контролата на квалитет и барањата за транспарентност во ревизорската пракса, КПМГ РЕВИЗИЈА води список на субјекти каде е извршена ревизија од страна на друштвото за финансиската година која завршува на 31 декември 2021 година. Списокот е даден во Прилог 1 Субјекти над кои е извршена ревизија.

Во Република Северна Македонија, Комисијата за контрола на квалитетот при Институтот за овластени ревизори на Република Северна Македонија („Комисијата") спроведува независни контроли.

Во месец ноември 2019 година беше извршена проверка за уверување на квалитетот на Друштвото согласно Законот за ревизија. Предмет на извршената контрола беше работењето на Друштвото за 2018 година. Контролата е извршена во согласност со планот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за проверки за 2019 година. На 24 март 2020 беше издаден Иизвештај за извршената контрола на квалитет, со севкупен заклучок Задоволително.

КПМГ Интернешнл има редовна двонасочна комуникација со Меѓународниот форум на независни регулатори за ревизија (IFIAR), главно преку својата Глобална работна група за квалитет на ревизија (Global Audit Quality Working Group - GAQ WG), со цел дискусија за тематски прашања поврзани со квалитетот на ревизијата, заедно со зацртаните стратегии за подобрување. Ние го цениме отворениот, чесен и транспарентен дијалог што Меѓународниот Форум на независни регулатори за ревизија го овозмозможува за глобалните прашања за квалитетот на ревизијата.

На регионално ниво, имаме исто така редовен дијалог со претставници на Комитетот на европските тела за надзор на ревизија (CEAOB) — порано познат како Европска група за контрола на ревизија (EAIG).

Од секоја фирма на КПМГ се очекува да одржува професионални и односи на почитување со регулаторите, вклучително и проактивно ангажирање, навремено одговарање на прашања и преземање на соодветни мерки за корекција.

### 10.2.2 Повратни информации од клиенти

Ние проактивно бараме повратни информации од клиентите, преку лични разговори и истражувања направени од трети страни, за следење на нивното задоволство од извршените услуги. Ние настојуваме да ги искористиме овие повратни информации и да направиме динамични промени, како на ниво на ангажман, така и на ниво на Друштво за да ги исполниме барањата на клиентите.

### 10.2.3 Следење на забелешки

Ние имаме процедури за следење и одговор на примени забелешки кои се однесуваат на квалитетот на работата. Овие процедури се претставени во нашите општи насоки на деловно работење.

### 10.2.4 Други оценки на квалитет на ревизија

Ние исто така имаме усвоено дополнителни процеси за оценка на квалитет на ревизија како што се преглед на финансиските извештаи на клиентот пред издавање.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Мониторинг и активности за корекција

## 10.3 Вршење анализа на основни причини

КПМГ РЕВИЗИЈА спроведува Анализа на основни причини - Root Cause Analysis (RCA) поврзана со прашања за квалитет на ревизијата.

Обуката за Анализа на основни причини, заснована на нашите Глобални принципи за Анализа на основни принципи во 5 чекори ја посетуваа оние поединци во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО кои ќе вршат анализа или ќе ги насочуваат оние што вршат анализа. Обуката обезбедува заедничка платформа за унапредување на практиките и вештините поврзани со обезбедување на ресурси, планирање и спроведување на Анализа на основни причини.

Глобалните принципи за анализа на основни причини во 5 чекори се следните:

**Анализа на основни причини**




Одговорност на сите фирми на КПМГ е да вршат анализа на основни причини и со тоа да идентификуваат, а потоа да развијат соодветни планови за корекција на идентификуваните прашањата за квалитетот на ревизијата.

Раководителот на ревизија во КПМГ РЕВИЗИЈА е одговорен за развој и спроведување на планови за корекција, вклучувајќи корекција на прашањата за квалитетот на ревизијата. Партнерот за управување со ризици на нашата фирма ја следи нивната имплементација.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Финансиска информација

КПМГ РЕВИЗИЈА ги извршува следните ревизорски услуги на пазарот:

- Ревизија на финансиски извештаи;
- Ревизија на годишни сметки;
- Ревизија на известувачки пакети;
- Проверка на известувачки пакети;
- Проверка на финансиски извештаи
- Договорени постапки и други ангажмани поврзани со ревизија.

Подолу е презентирана финансиската информација за сеопфатните приходи на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за годината завршена на 31 декември 2021 година и 31 декември 2020 година структурирана по вид на услуги кои ги нуди Друштвото.

| | **2021 Приходи во МКД '000** | **2020 Приходи во МКД '000** |
|---|---|---|
| Ревизија на годишни и консолидирани сметки | 30.857 | 36.289 |
| Дополнителни услуги на уверување на квалитет | / | / |
| Даночни советодавни услуги | / | / |
| Други неревизорски услуги | 4.003 | 501 |
| **Вкупно** | **34.860** | **36.790** |



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Надоместок за Партнерите информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор

Системот за надоместок на партнерите се базира на заедничките принципи усвоени од страна на Регионалниот одбор на КПМГ во Централна и Источна Европа и е дизајниран да ги одрази индивидуалните одговорности и искуство на партнерот, нивната улога во управувањето со професионални практики и фирмата во целина, како и локалните услови на пазарот. Целите поставени на секој партнер ги опфаќаат и финансиските показатели и резултати, како што се пораст на приходите и профитабилноста, како и квалитетот на работата и квалитет на услугите, лидерство и усогласеност со вредностите на друштвото.

Целниот надоместок на Партнерите се утврдува од страна на Раководниот Партнер во консултација со Претседателот на Одборот на КПМГ во Централна и Источна Европа. Надоместокот се состои од два елементи:

— Основна компонента – Ова е наградата утврдена како дел од буџетираните добивки на друштвото. Износот на основната компонента ја одразува улогата и сениорноста на секој партнер; и

— Профитна компонента поврзана со реализација – ја одразува реализацијата на партнерот во текот на годината во однос на претходно поставените индивидуални цели, оние на релевантната функција и неговиот/нејзиниот придонес за развој на фирмата.

Износот на профитната компонента поврзана со реализација кој се доделува на крајот на финансиската година зависи од реализацијата на партнерот и зависи од достапност на расположлива добивка.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Организација на мрежата

## 13.1 Правна структура

Мрежата на КПМГ на глобално ниво дејствува во 145 земји и територии во светот преку 711 канцеларии со повеќе од  236,000 вработени. Вкупниот приход на КПМГ мрежата на глобално ниво за 2021 година изнесува  32,13 милијарди УСД.

***Правна структура за финансиската година која завршува на 30 септември 2020 година***

На 1 октомври 2020 година, КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО и сите други фирми на КПМГ склучија нови документи за членство и поврзани документи, чие клучно влијание е што сите фирми-членки на КПМГ во глобалната организација на КПМГ станаа членки на или имаат други правни врски со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност. Од 1 октомври 2020 година, КПМГ Интернешнл Лимитед дејствува како координативен ентитет за општа корист на фирмите-членки на КПМГ. Тој не обезбедува професионални услуги за клиенти. Професионални услуги за клиенти обезбедуваат исклучиво фирми-членки

КПМГ е регистрирана трговска марка на КПМГ Интернешнл и е името по кое фирмите-членки се вообичаено познати. Правата на фирмите-членки да го користат името и ознаките на KPMG се содржани во договорите со КПМГ Интернешнл.

Согласно нивните договори за членство со КПМГ Интернешнл, фирмите-членки се обврзани да ги почитуваат политиките на КПМГ Интернешнл, вклучително и стандардите за квалитет кои регулираат како тие работат и како им обезбедуваат услуги на клиентите за ефикасна конкурентност. Ова вклучува барања за професионална и финансиска стабилност, барања за сопственичка, управувачка и раководна структурата што обезбедуваат континуитет и стабилност и долгорочен успех како и барања за усогласеност со политиките објавени од КПМГ Интернешнл, за усвојување глобалните стратегии, споделување ресурси (влезни и излезни), опслужување на мултинационални клиенти, управување со ризик и примена на глобални методологии и алатки.

КПМГ Интернешнл Лимитед и фирмите-членки на КПМГ не се глобално партнерство, единствена фирма, мултинационална корпорација, заедничко вложување или во релации или партнерство како принципал или агент едни со други. Ниту една фирма-членка нема било какво овластување да го обврзува или поврзува КПМГ Интернешнл Лимитед, било кој од неговите поврзани ентитети или било која друга фирма-членка наспроти трети страни, ниту пак КПМГ Интернешнл Лимитед или било кој од неговите поврзани ентитети има било какво овластување да ја обврзува или поврзува било која фирма-членка.

Дополнителни детали за изменетите правни и аранжмани за управување за глобалната организација на КПМГ од 1 октомври 2020 година може да се најдат во делот „Управување и раководење“ на Извештајот за транспарентност на КПМГ Интернешнл за 2021 година.

## 13.2 Одговорности и обврски на фирмите-членки

Според договорите со КПМГ Интернешнл, фирмите-членки се обврзани да ги почитуваат политиките и регулативите на КПМГ Интернешнл, вклучувајќи ги стандардите за квалитет кои регулираат како тие функционираат и како тие обезбедуваат услуги на клиентите за да можат ефективно да конкурираат. Ова вклучува структура на фирмата која обезбедува континуитет и стабилност и може да усвои глобални стратегии, да споделува ресурси (влезни и излезни), да ги услужува мултинационалните клиенти, да управува со ризик и да ги примени глобалните методологии и алатки.

Секоја фирма презема одговорност за нејзиното управување и за квалитетот на нејзината работа. Фирмите-членки се обврзуваат на заеднички сет на Вредности на КПМГ (како што се прикажани во Прилозите на овој документ).

Активностите на КПМГ Интернешнл се финансираат од износи платени од фирмите-членки. Основата за пресметување на овие износи е одобрена од страна на Глобалниот одбор на КПМГ Интернешнл и доследно се применува на фирмите. Статусот на фирмата како фирма-членка на КПМГ и нејзиното учество во глобалната организација на КПМГ може да се прекине ако, меѓу другото, не е во согласност со политиките поставени од КПМГ Интернешнл или со кои било други обврски кон КПМГ Интернешнл.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Организација на мрежата

## 13.2 Одговорности и обврски на фирмите-членки

Според договорите со КПМГ Интернешнл, фирмите-членки се обврзани да ги почитуваат политиките и регулативите на КПМГ Интернешнл, вклучувајќи ги стандардите за квалитет кои регулираат како тие функционираат и како тие обезбедуваат услуги на клиентите за да можат ефективно да конкурираат. Ова вклучува структура на фирмата која обезбедува континуитет и стабилност и може да усвои глобални стратегии, да споделува ресурси (влезни и излезни), да ги услужува мултинационалните клиенти, да управува со ризик и да ги примени глобалните методологии и алатки.

Секоја фирма презема одговорност за нејзиното управување и за квалитетот на нејзината работа. Фирмите-членки се обврзуваат на заеднички сет на Вредности на КПМГ (како што се прикажани во Прилозите на овој документ).

Активностите на КПМГ Интернешнл се финансираат од износи платени од фирмите-членки. Основата за пресметување на овие износи е одобрена од страна на Глобалниот одбор на КПМГ Интернешнл и доследно се применува на фирмите. Статусот на фирмата како фирма-членка на КПМГ и нејзиното учество во глобалната организација на КПМГ може да се прекине ако, меѓу другото, не е во согласност со политиките поставени од КПМГ Интернешнл или со кои било други обврски кон КПМГ Интернешнл.

## 13.3 Осигурување од професионална одговорност

Се одржува значителен степен на покриеност со осигурување од професионална одговорност. Покриеноста обезбедува територијална покриеност на светско ниво.

## 13.4 Раководна структура

Клучните органи на управување на КПМГ Интернешнл се Глобален Совет, Глобален Одбор и Глобален Менаџмент Тим. Повеќе детали за раководната структура на КПМГ Интернешнл може да се најде во Извештајот за транспарентност на КПМГ Интернешнл за 2021 година.



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Изјава од Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за ефективност на контролите за квалитет и независност

Мерките и постапките кои служат како основа за системот за контрола на квалитет за КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО наведени во овој извештај, имаат за цел да дадат разумен степен на уверување дека законските ревизии извршени од страна на нашето Друштво се во согласност со важечките закони и прописи.

Поради инхерентни ограничувања, системот за контрола на квалитет не е наменет да обезбеди апсолутна сигурност дека неусогласеностите со соодветните закони и прописи ќе бидат спречени или откриени.

Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ги разгледа:

- Дизајнот и функционирањето на системите за контрола на квалитет како што се опишани погоре
- Наодите од разновидните програми за усогласеност применети од страна на нашето Друштво (вклучувајќи ги Програмите за Контрола на квалитет на КПМГ Интернешнл опишани во делот 10.1.2 Внатрешен мониторинг и програми за усогласеност; и
- Наодите од  регулаторни контроли и последователното следење и/или корективни активности.

Земајќи ги сите овие докази заедно, Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ОО потврдува со разумно ниво на увереност дека системите за контрола на квалитетот во рамки на нашето Друштво функционираа ефективно во годината завршена на 31 декември 2021 година.

Воедно,Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА  ДОО Скопје изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на КПМГ РЕВИЗИЈА и сите вработени во КПМГ РЕВИЗИЈА и дека овие процедури доследно се спроведени.

Потпишаната Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет на КПМГ РЕВИЗИЈА и независноста е дадена како Прилог 3 кон овој извештај.

***Скопје, 31 Март 2022 година***

***Во име на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје***

***Управител Срѓан Ранѓеловиќ***

Друштво за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Прилози

## Прилог 1. Субјекти над кои е извршена ревизија

Списокот на субјекти на кои зависно од типот на ангажманот беше извршена законска, договорна или законска и договорна ревизија  и на кои е издаден извештај на независниот ревизор од страна на нашето Друштво во текот на 2021 година е даден подолу.

### *1. Законски ревизии*

АВТ Интернационал ДООЕЛ, Скопје

Ендава ДООЕЛ Скопје

ЕВН Македонија Електрани ДООЕЛ Скопје

ЕВН Трејдинг ДООЕЛ Скопје

Интернационален Картичен Систем АД, Скопје

Комерцијална банка АД, Скопје

ЛТХ Леарница ДООЕЛ Охрид

Лукоил Македонија ДООЕЛ, Скопје

Маркарт Македонија ДООЕЛ с. Долно Караслари Велес

Месер Вардар Техногас ДООЕЛ, Скопје

Мусала Софт ДООЕЛ Скопје

ТДР Скопје ДООЕЛ

Хуавеи Технолоџис Македонија ДООЕЛ Скопје

### *2. Договорни ревизии*

ЕВН Македонија Холдинг ДООЕЛ Скопје

Уан инсајд Македонија ДООЕЛ Скопје

Фондација Отворено Општество-Македонија, Скопје

### *3. Законски и договорни ревизии*

ВИК Македонија ДООЕЛ, с. Алинци, Прилеп

ДММ ДРЕКСЛМАЈЕР МАНУФАКТУРИНГ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

ЕВН Македонија Електроснабдување ДООЕЛ Скопје

ЕВН Хоме ДОО Скопје

ЕВН Македонија АД, Скопје

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје

ЕОС Матрих ДОО, Скопје

Еуролинк Осигурување АД Скопје

ИМБ Млекара АД, Битола

КБ Прво Пензиско Друштво АД Скопје

Клиничка Болница Аџибадем Систина, Скопје

Костал Македонија ДООЕЛ Охрид

Крка Фарма ДООЕЛ, Скопје

ПроКредит Банка АД Скопје

Сава осигурување АД Скопје

Сава пензиско друштво АД Скопје

Холмак ДООЕЛ Битола



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Прилози

## Прилог 2. Изјава на Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени

Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје потврдува дека во текот на 2021 година ја применуваше политиката на континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени преку извршување на соодветни технички обуки.

Воедно, Управителот изјавува дека  овластените ревизори во Друштвото кои се членови на Институтот на овластени ревизори на РМ учествуваат во годишната обука и се во согласност со барањата од членот 28 од Законот за ревизија за минимум часови на континуирана обука.

***Скопје, 31 март 2022 година***

***Во име на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје***

***Управител Срѓан Ранѓеловиќ***



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Прилози

## Прилог 3. Изјава на Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за ефективноста на контролите за квалитет и независност

Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје потврдува со разумно ниво на увереност дека системите за контрола на квалитетот во рамки на нашето Друштво функционираа ефективно во годината завршена на 31 декември 2021 година.

Воедно, Управителот на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје изјавува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје и сите вработени во КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, и дека овие процедури доследно се спроведени.

***Скопје, 31 март 2022 година***

***Во име на КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје***

***Управител Срѓан Ранѓеловиќ***



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Вредности на КПМГ

Нашите вредности го претставуваат она во што веруваме и она што е важно за нас како организација. Тие го водат нашето однесување секојдневно, давајќи ни насоки како да постапуваме, какви одлуки да носиме и како да работиме едни со други, со нашите клиенти, со компаниите каде што вршиме ревизија и со сите наши заинтересирани страни.

Нашите вредности ги изразуваат долгогодишните основни верувања на нашата фирма и во 2020 година терминологијата беше ажурирана за да ги направиме похрабри, поедноставни и полесни за помнење што би му помогнало на секој од нас секојдневно да ги применува во праксата.

Нашите Вредности се:

**Integrity: We do what is right.**

**Excellence: We never stop learning and improving.**

**Courage: We think and act boldly.**

**Together: We respect each other and draw strength from our differences.**

**For Better: We do what matters.**



©2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје. Сите права се задржани.

# Контакт

КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
Филип Втори Македонски 3
Соравиа Центар Скопје, 7 кат
1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел.: + 389 (2) 3135 220
Факс: + 389 (2) 3111 811

home.kpmg
home.kpmg/socialmedia

Презентираните информации се од општа природа и не се наменети за потребите на одредено лице или претпријатие. И покрај нашите настојувања да обезбедиме точна и навремена информација, не постои гаранција дека таквата информација е точна во моментот кога истата е примена, ниту пак дека ќе биде точна во иднина. Врз основа на презентираните информации не треба да се превземаат конкретни чекори без добивање на соодветен професионален совет базиран на темелно испитување на дадената ситуација.

© 2022 КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, друштво со ограничена одговорност, регистрирано во Република Северна Македонија и фирма-членка на глобалната КПМГ организација на независни фирми-членки, асоцирани со КПМГ Интернешнл Лимитед, англиско друштво со ограничена одговорност.